**ЈАВНА УСТАНОВА ОПШТИНСКА ДЕТСКА ГРАДИНКА**
**“ФЕМО КУЛАКОВ” -НЕГОТИНО**



# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**ЗА РАБОТА НА ЈАВНАТА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА**
**ОПШТИНСКА ДЕТСКА ГРАДИНКА**
**“ФЕМО КУЛАКОВ” –НЕГОТИНО**
**ЗА УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА**

Септември 2021 година

**ВОВЕД**

Годишниот извештај за работата на Јавната установа за деца „Фемо Кулаков“ за учебната 2020/2021 година се заснова на надлежностите и обврските што произлегуваат од Законот за заштита на децата (Сл.весник на РМ бр.23/13,12/14,44/14,144/14,10/15,25/15,150/15,192/15,27/16,162/17,21/18,198/18 и Службен весник на Република Северна Македонија број 104/19), од добиените сознанија и направени анализи како и од извештаите за реализација на Програмата за работа на установата, искажаните и утврдените потреби и степенот на постигањата во воспитно-образовна работа.

Во својот годишен извештај за работа Јавната установа за деца – општинска детска градинка “Фемо Кулаков” од Неготино ќе ги прикаже своите активности и содржините кои беа планирани во Годишната програма за работа и реализирани во текот на учебната година 2020/2021 година.

ЈУОДГ „ Фемо Кулаков – Неготино во текот на изминатата учебна, воспитно образовната и згрижувачка дејност ја реализираше одговорно и совесно преку планирање, реализирање, евидентирање и евалуирање на работата во сите сегменти и со сите стручни органи.

Својата работа ја планираше и реализираше согласно законските, статутарните регулативи, како и со следење на планираните активности од развојниот план на установата кој беше подготвен за време од три години.

Изготвувањето на Годишниот извештај се базира пред се на водената евиденција и документација во текот на извештајниот период и тоа првенствено на евиденција и документација за воспитно-образовната работа, работата на директорот и стручните работници, записниците од работата на стручните тела, евиденција за соработка со родители, општествените, стручните институции и работни организации, јавната и културна дејност. Основна определба на јавната установа во текот на учебната година беше реализирање на програмските задачи во насока на обезбедување на квалитет и развој на предучилишното воспитание и образование во детската градинка.

Дејноста на ЈУОДГ - „Фемо Кулаков “ Неготино беше насочена пред се кон подигање на квалитетот на живеење на децата и задоволување на нивните потреби. Преку многуте планирани содржини и активности успешно се реализираше дејноста која опфаќа воспитание, образование, нега и исхрана, здравствена и социјална заштита на децата од предучилишна возраст.

Може да се констатира дека Годишната програма за учебната 2020/2021 година е реализирана.

Во годишниот извештај ке бидат застапени разни содржини преку кои ке се прикажат:

***1. Појдовни основи за организација на дејноста***
***2. Услови за работа и организациона поставеност***
***3.Организација на животот и работата во детските јасли и градинката***
***4. Реализација на програмите за воспитно-образовната работа***
***5. Здравствена дејност***
***6. Културна дејност***
***7. Стручни органи во детската градинка***
***8. Стручно усовршување на воспитно-образовниот и воспитно згрижувачкиот кадар***
***9. Проекти***
***10. Социјална дејност***
***11. Реализација на програмите на директорот и другите стручни соработници***
***12. Финансова и тековна политика на установата***

*13. Материјални трошоци*

## *1. ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДЕЈНОСТА*

Основната цел на предучилишното воспитание и образование е да го одгледува, поттикнува, насочува и облагородува сестраниот развој на детската личност во сообразност со психофизички карактеристики и индивидуалните можности на детето.

Предучилишната установа претставува поволна општествена и материјална средина со најдобрите услови за развој на детето.
Детето користејќи ги сопствените потенцијали творејќи дејствува, игра, комуницира со своите врсници и со возрасните во установата и надвор од неа. Развојот на предучилишното дете е процес кој е сложен и бара посебни услови за целосен напредок на детето. Средината е таа која што активно влијае на творечкото однесување.

Организацијата на работата во градинката е таква да примарно води сметка за детските знаења, за надворешниот свет, за физичката и социјалната средина и примарно за нивното постоење и детската личност. Во градинката процесот на запознавање е организиран така да во него има место за развојот на детската личност.

Присуството на родителите во градинката и односот родител-воспитувач е од голема важност за детето. Од големо значење се збиднувањата кои течат во секојдневната комуникација на децата и воспитувачот и тоа почнувајќи од неговото влегување во градинката. Тоа лично обраќање е социјално огледало кое му кажува дека е во социјална средина. Во комуникацијата со возрасните детето добива разни пораки за себе, каде што емотивниот и вредносниот елемент имаат силен ефект.

### а) Физички и сензомоторен развој на детето

Предучилишната возраст се карактеризира со интензивно растење и развој на детскиот организам, затоа предучилишната установа со уредувањето и рационалното користење на просториите и опремата, според хигиенските барања и норми, преку утврден распоред на денот според правилна и квалитетна исхрана, користење на сонцето, воздухот и водата, овозможува правилен физички и сензомоторен развој на детето. Со користење на основната детска активност-играта и елементарните телесни вежби, се придонесува за развој на основните движења-спретност, точност и одмереност.

### б) Социјално-емоционален развој на детето

Преку организираното воспитание и образование на децата од предучилишна возраст, им се овозможува правилен социјално-емоционален развој. Детето во ова средина се чувствува задоволно, среќно и спонтано ги изразува своите чувства кон светот што го опкружува. Предучилишното дете се социјализира и ги учи основните норми на однесување. Животот во градинката овозможува богатење на емоционалниот свет на детето како и развивање на способноста да си ги искажува своите чувства позитивни и негативни. Им се овозможува на децата да научат да умеат да ги откриваат, проценуваати разликуваат сопствените чувства и чувствата кај другите.

### в) Сознајно-интелектуален развој на детето

Со организираното предучилишно воспитание и образование, се влијае врз формирањето на културни, хигиенски и работни навики. Се подржува природната љубопитност на детето кон светот што го опкружува и му помага да го збогати и творејќи да го изрази своето лично искуство.

Се подржуваат интересите на детето за создавање и учење и се развиваат перцептивните и сознајните способности на детето (забележување, замислување,согледување и др.) Меѓу другото се овозможува кај децата да се постават основите на елементарното математичко-логичко размислување и заклучување,се развиваат комуникативните способности на детето,а особено да се овозможи детето да го совлада правилниот јазичен говор.

## *2.УСЛОВИ ЗА РАБОТА И ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ*

а) просторни услови

Општина Неготино располага со една Јавна установа за деца општинска детска градинка "Фемо Кулаков", која опфаќа два објекти и тоа објект "Мајски Цвет" и објект "Пролет". Двата објекти се лоцирани во градот и три групи во други просторни услови во селата Криволак , Пепелиште и Тремник .

Капацитетот на градинката во Неготино изнесува вкупно 423 деца во два објекти и три групи во други просторни услови и располага со 21 занимална. Во установата се користат по една занимална за деца од 0 - 2 години и по осум (8) занимални за деца од 2 – 6 години во секој објект, три хетерогени групи од 2 – 6 години , во двата објекта има по една сала која се користи како трепезарија.

Во согласност од МТСП веќе три години функционираа три групи во други просторни услови, поточно во селата Пепелиште, Криволак и Тремник. Просториите се опремени се со соодветна опрема.Овие групи работеа со полудневен престој , а од 01. 09 .2019 работат со целодневен престој и се наоѓаат во склоп на основните училишта.

На почетокот на извештајниот период, во месец Септември 2020 година во нашата установа бројот на вработени изнесува 66 а во месец Септември 2021 година бројот изнесува 69 вработени . Во 2020 година во пенција е едно лице а во 2021- 3 лица. Во 2020 година од месец Септември со договор за дело имаме ангажирано 2 лица,и 3 волонтери.Во 2021 година од месец Септември имавме ангажирано 5 лица преку Агенција за привремени вработувања,8 лица договор за дело.

Објектот **"Мајски Цвет**" во кој е сместена управата, лоцирана е над градскиот стадион на ул.Киро Крстев бр-16 во Неготино.

Објектот со корисна површина од 1 466 м2 и дворна површина од 3080м2, нормативно и наменски градена и одговара на потребите на децата.

Овој објект располага со 9 занимални и во Воспитно образовната 2020/21г , беа сместени **175 деца на возрст од 1-6 години( број по протокол).** Децата од јаслена возраст се сместени во една занимална а децата од две до шест години се сместени во осум занимални.

Материјално техничките услови во објектот "Мајски Цвет" овозможуваат добри услови за напречено одвивање на воспитно-образовната дејност и за престој на детето од 11 часа дневно.

За децата од јаслена возраст просторијата има посебен санитарен чвор и една чајна кујна. Занималната е светла, просторна и опремена со соодветен мебел, дидактиката е соодветна и задоволува со играчки кои одговараат на потребите на децата од оваа возраст. Пред секоја просторија има мала тераса и простор во дворот за безбеден престој на децата на чист воздух.

Останатите занимални се користат за сместување на деца од 2-6 години, кои се исто така светли, просторни и опремени со соодветен мебел, има дидактика и играчки кои одговараат на соодветната возраст. Занималните се опремени со рекс креветчиња , нови рекс креветчиња и по едно креветче за соблекување и облекување на децата .

Во објектот „Мајски Цвет„има голема сала која се користи за повеќе намени и тоа за

организирање и реализирање на прослави и приредби, организирање на родителски средби, реализирање на физички активности и заедничко дружење на децата.( оваа година во салата се реализираа многу малку активности по Протокол.

Занималните се климатизирани и престојот на децата во летниот период е пријатен,а исто така и во зима.

Објекот **„ Пролет**„ е лоциран во населбата Саат кула на ул.Ленинова бр.14.Објектот располага со корисна површина од 1302 м2 и дворна површина од 4080 м2, нормативно и наменски граден и одговара на потребите на децата.

Овој објект располага со 9 занимални и оваа година бројот на децата во просек изнесуваше **175** деца- по Протокол.

Во една занимална се сместени децата од јаслена возраст, а децата од 2-6 години во останатите занимални соодветни за нивната возраст.

Материјално техничките услови во објектот "Пролет" овозможуваат идеални услови за непречено одвивање на воспитно-образовната дејност и за престој на детето од 11 часа дневно. Занималните се климатизирани во целост со што се овозможуваат поволни климатски услови во текот на летниот период односно поволни услови за престој во летниот период. Пред секоја просторија има мала тераса и простор во дворот за безбеден престој на децата на чист воздух.

Во објектот "Пролет" има сала која се користи за повеќе намени. Истата сала ја користиме како трепезарија за организирање и реализирање на прослави и приредби, организирање на родителски средби, реализирање на заедничко дружење на децата. ( оваа година во салата се реализираа многу малку активности по Протокол.)

Во „Групите во други просторни услови„ во селата Криволак , Пепелиште и Тремник во просек изнесуваше 60 деца

Во Неготино дневните рестрикции се многу намалени ,односно и веќе и ги нема, но во двата објекти има танкови за вода кои се уклучуваат, ако поради некои други причини има престанок на водоснабдување.

б) Уреденост на дворот

Дворните површини во двата објекти "**Мајски Цвет" и "Пролет**" располагаат со доста голема површина. Еден дел од оваа површина е хортикултурно уредена и со поголемата ангажираност на помошниот персонал изградени се соодветни спортски реквизити и играчки.

Во текот на претходните години во двата објекта беше реализиран проект „ Физички активности во функција на здрав ментален развој " преку кој се набавија детски реквизити од сунгер, метал и дрво, погодни за потикнување на физичкиот и менталниот развој на децата. Еден дел од донираните реквизити се сместија во внатрешниот простор на градинката . Само заради заштита на истите, а оние поголемите останаа во дворот, за кои даваме голем напор да ги зачуваме во периодот кога нема вработени во установите. Од минатата година се набавени спортски реквизити за секоја возрасна група ( лизгалки ,клацкалки , лулашки и сл) кои по потреба се изнесуваат во дворните површини .

Во ноќните часови во двата објекта многу често се загадуваше дворот и се причинуваше штета на објектите и поставените реквизити за играње на децата од непознати лица кои ноќе влегуваа во дворот, кршеа и демолираа.. .Веќе две години функционира и дополнително осветловање со по 12 лед рефлектори , кои се поставени на предниот и задниот дел од двата објекта, сега ситуацијата е многу подобра и нема никакви оштетувања ниту во дворот ниту на објектите . Веќе две години се инсталирани камери на целиот двор во двата објекта и има добар видео надзор 24 часа .

в) Аудио-визуелни средства и други технички помагала

Нашата детска градинка располага  аудио-визуални средства и други технички помагала. Располагаме со комјутерска технологија во просториите каде се планира воспитно-образовната работа, а за поефикасно реализирање на активностите со децата и вработените имаме и ЛЦД проектор, во двата објекта .Сите воспитувачи и стручни работници имаат свој Лап топ на кој ги планираат своите активности.
.

г) Стручна литература

Библиотеката во нашата детска градинка е добро опремена со стручна литература и стручни списанија од предучилишната педагогија и психологија и повремено се збогатува со новоиздадената публикација од оваа област.

Бројот со сликовници за деца е голем и секојдневно се во употреба . Децата добиваат детско списание Росица еднаш месечно-големите групи , а во другите воспитни групи секој воспитувач добива детско списание Росица.

## *3.ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖИВОТОТ И РАБОТАТА ВО ДЕТСКИТЕ ЈАСЛИ И ГРАДИНКАТА*

а) Организација на животот и работата во детски јасли

При организирањето на образовната дејност во јасли, се води сметка таа да биде заснована врз идејните основи на севкупниот воспитно образовен систем.

За згрижувањето, воспитувањето  и образованието на децата од јаслена возраст се грижат негователки и медицинска сестра ,која ротира повремено во двата објекта..

За обезбедување на пријатна атмосфера децата секојдневно ги прима негователка, која непосредно контактира со родителите на децата. Со правилна нега и исхрана на децата се придонесува за правилниот физички раст и развој на детето,се развиваат елементарните навики за правилна исхрана и одржување на хигиената. Во текот на хранењето, детето се навикнува правилно да ја конзумира храната, да го придржува лончето во рачето, да користи прибор за јадење и само да се послужува.  Во текот на денот прима четири оброци кои се послужуваат на секои три часа. За детето од ова возраст се овозможени правилни услови за одмор и спиење. За време на спиењето се обезбедува релативен мир под постојана контрола на негователката.. Преку денот децата од оваа возраст спијат еднаш или двапати, во зависност од должината на престојот на децата во установата.

Грижата за емоционалниот, социјалниот, интелектуалниот и физичкиот развој на децата е континуирана во текот на целата учебна година.

Околу оваа грижа, како и за адаптацијата на децата води сметка педагогот на установата. Постојано е во контакт со негователките и со родителите на децата.

Имајќи го предвид дека детската градинка е втор дом на детето, во кое се сретнува со нови лица и услови, негователката има можност добро да ги запознае децата во групата во однос на нивното поведение, реакциите во различни ситуации, интересите и афинитетите на одредени видови активности.

За правилен емоционален контакт со децата се грижи негователка  да има правилен однос кон детето, бидејќи од тоа како се однесува кон децата ќе зависи и целокупниот воспитен процес.

Основен предуслов за остварување на задачите за правилен психофизички развиток кај децата, негователките постојано се едуцирани со цел добро и темелно да ги запознаат

сите специфичности на раното детство.
Игрите и организираните воспитни активности се изведуваат индивидуално во мала група,а повремено и со целата група.
Во детските јасли негователките континуирано , секојдневно преку целата година водат дневник за работа на групата.

б) Организација на животот и работата  во детската градинка

Воспитно-образовните групи во кои престојуваат децата на возраст од 2 – 6 години се формираат во септември, водејќи се од бројот на запишани деца и од законските поставени педагошки нормативи и веќе втора година поради пандемијата со COVID -19 , бројот на групите е намален ,во јаслена возраст на деца од 0- 24 месеци -15 деца и од 2 -6 години 20 деца во група.
Организацијата на работа во овие групи беше условена од возраста на децата, односно од нивните основни потреби, интереси и желби. Поаѓајќи од уверувањето дека играта представува детско учење и работа, овој примарен метод беше доминантен и секојдневие во овие возрасни групи. Активностите беа планирани и реализирани според возраста на децата, но со многу различни и интересни содржини во кој воспитувачот ја креираше и реализираше целокупната активност, но во одредени случаи консултирај ќи го педагогот на градинката.       Организирањето на воспитно-образовната дејност дава можности за остварување на воспитно-образовни цели, задачи и содржини предвидени со програмата за воспитно-образовната дејност за предучилишни деца. Планираните активности и игри се организираа според детските желби и интереси, а се остваруваа во зависност од дневниот распоред, просторот и годишното време.
Исхраната на децата се организираше во зависност од должината на престојот и биолошкиот ритам на детскиот организам. Во текот на денот децата со целодневен престој добиваат четири оброка (појадок мала ужинка,ручек и ужина)што се припрема – дотура од централната кујна на установата.
За време на исхраната се водеше сметка за формирањето на хигиенските навики и културното однесување на децата и правилно консумирање на храната.
Доколку во текот на денот детето појави симптоми на оболување, негователката од групата  превземаше мерки за изолирање на детето и го повикуваше родителот за натамошен третман за остранување на заболувањето.

- животни активности

Активностите поврзани со секојдневниот живот на децата, завземаа голем дел од дневните активности и преку нив се задоволуваше детската потреба од храна, одмор, престој на воздух, се овозможува формирањето и зацврстувањето на културно хигиенските и работните активности кај децата. За да му се овозможи на детскиот организам и на детското ментално здравје пасивен одмор, секојдневно се организираше попладневен одмор(спиење)од 60 до 90 минути, во зависност од возраста на децата во однапред определен временски интервал.
Децата спијат на посебно креветче и постелнина во проветрени и чисти простории.За зајакнување на детскиот организам и физички да се развива детето преку користење на природните фактори, се организираше независно од годишното време редовен престој на воздух секој ден.
Престојот на воздух се одложуваше само во исклучителни временски периоди,а при излегувањето на отворен простор децата се облекуваат соодветно на временските услови.

- планирани активности

Овие активности се планирани со темата која се реализира во воспитната група. Групната активност следи на почетокот од планираната активност, а потоа во согласност

со она што е планирано и реализирано децата ја продолжуваат својата активност планирано во центри на активности. Секако дека посебен акцент се даваше на планирањето и реализирање на индивидуалната работа со секое дете посебно. Работиме по програмата „Ран детски развој„ која бара планирање по домени. Се планира и евидентира и во хартиен дневник и електронски во систем кој е специјално подготвен.

в) воспитни групи

Формирањето и структуирањето на воспитните групи се направи на почетокот на учебната 2020/2021 година. Воспитните групи во детската градинка се формираа според педагошките нормативи и законските регулативи согласно член 64 став 5 одредбите од Законот за заштита на децата, но се отстапуваше со бројот поради Пандемијата со Covid 19 ( групи по Протокол), секако усогласено со одлука на Комисијата за прием на деца и добиена согласност од Советот на општина Неготино :

По протокол **Распоредот на децата во детските јасли по Протокол:**

- Група јасли (2019г) опфатени **30** деца распоредени во 2 воспитни групи

**Распоредот на децата во градинка по Протокол:**

- група до 2-3 години (родени 2018) опфатени **80** деца распоредени во 4 воспитни групи
- група до 3-4 години (родени 2017) опфатени **80** дете распоредени во 4 воспитни групи
- група од 4-5 години (родени 2016) опфатени **80** дете распоредени во 4 воспитни групи
- група до 5-6 години (родени 2015) опфатени **80** деца во 4 воспитни групи
- групи во други просторни услови опфатени **17+20+16** деца во 3 воспитни хетерогени групи од 2- 6 год.

Во текот на оваа учебна година 2020/21 бројот на децата не е цело време константен ,заради природата и возраста на децата – варира.

## *4.РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМИТЕ ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА*

Програмата за рано учење и развој базирана е на Стандардите за рано учење и развој која ги следи современите трендови во развојот на теоријата и практиката на предучилишното воспитание и образование. Таа продолжи да се имплементира и оваа учебна година. Нејзината основна цел е да биде ориентир во концепирањето и реализацијата на воспитно-образовната работа. Во таа смисла, согласно со развојните и индивидуалните постигања на децата во групите можеше да се гради стил на воспитно-образовно дејствување, базиран на најсовремените научни достигнувања.

Програмата се реализираше преку развојни домени . Тие всушност преставуваа аспекти на развојот на личноста. Детето е личност во целина и треба да се развива целосно. Осамениот домен поттикнува еднostран развој. Нивното заедништво го прави пристапот *холистички* – ги развивате сите страни на детската личност кои се меѓузависни. Домените се надополнува еден со друг. Во текот на планирањата ги користевме следните домени

- Здравје и моторички развој
- Пристапи кон учење
- Развој на јазикот, описменување и комуникација
- Когнитивен развој

- Социоемоционален развој

Сите воспитно-образовни групи ја планираа својата работа тимски. На почетокот на годината Стручниот совет на воспитувачи, заедно со стручните работници – педагог, психолог и логопедот, како и стручниот ликовен соработник ги планираат програмите за воспитно-образовна работа. Секоја воспитно-образовна група , подготвува свое годишно планирање, во кое ги планира сите предложени теми, поаѓајќи од развојните карактеристики на возрасната група, развојните задачи кои ги планира преку конкретните планирани теми да ги реализира со децата, како и очекуваните резултати од секоја тема посебно. Исто така во годишните планирања се планираат и сите проектни активности од предложениот проект кој се реализира во детската градинка, Соработката со семејствата како најнепосреден партнер во работата како и со потесната и поширокатa општествена заедница. Низ целокупното планирање, кое беше солидно реализирано во текот на изминатата година, постојано имаа поддршка од педагогот кој беше нивни најнепосреден соработник и консултант.

Инклузијата е исто така постојана практика во нашата градинка. Без разлика на развојните карактеристики и возрасната способност на децата, сите деца се запишуваат во нашата градинка. Децата со пречки во развојот имаат исти третман како и сите други деца. Секој има право на образование, воспитание, игра, дружење, социјализација и најважно од се подадена рака и љубов, која безрезервно им се нуди во детската градинка. Логопедот во нашата градинка посебно работи со децата кои имаат интелектуална или физичка попреченост.

*а) Позначајни карактеристики на реализираната воспитна работа во детските јасли*

Акцент во работата со децата од јаслена возраст беше ставен на нега и здравствена состојба на децата како и на воспитно-образовниот процес водејќи сметка за потикнувањето и развојот на сите аспекти од личноста.

Средината во која што престојуваа децата од јасленатa возраст е исполнета со разновидни дидактички материјали со кои децата стекнуваат искуства. Покрај тоа се подржуваат индивидуалните способности на секое дете посебно. Децата преку играта ги развиваат когнитивните и моторните способности, како и социјалните способности преку взаемна соработка со своите врсници.

*б)Стручна оценка за степенот на реализацијата на програмата по домени:*

- *Здравје и моторички развој*

Физичкиот развој во основа ги подобрува вештините за кординација, контрола , манипулација и движење. Со планираните содржини во текот на оваа учебна година успеавме да им помогнеме на децата да стекнат доверба во она што тие можат да го прават и да им овозможиме да ги почуствуваат позитивните придобивки.

Здравјето и моторниот развој се клучни фактори во процесот на растењето и развојот кај малите деца кој претставува паралелен и комплементарен процес. Раст се промените кој настануваат кај децата а се однесуваат на тежината, висината и големината на телото. Наспроти тоа пак развојот се однесува на промените кои настануваат во степенот на комплексност во извршување на одредени функции и стекнување на одредени вештини, каде што се оди постепено од поедноставни до посложени промени.

Развојниот процес кај децата во доменот „ Здравје и моторен развој“се планираше и реализираше преку следните субдомени: ***груб моторен развој*** кој се однесува на воспоставување контрола на рамнотежата и координација на делови од телото при одење, трчање, скокање,качување по скали,лизгање, бркање исл. ***Фин моторен развој*** со што децата стекнуваат вештина како да ги користат дланките и прстите при фаќање,

цртање, закопчување, отворање, сечење и сл, ***Здраво и безбедно однесување*** со кое децата започнуваат да разбираат дека дневните рутински активности и безбедните практики влијаат на нивното здравје и ***Сензомоторен развој*** кој се однесува на стекнување на способности кај децата да воспостават интеракција со околината преку комбинација на сетилата и моторните вештини.

- *Социо- емоционамен развој*

Социоемоционалниот развој кај малите деца е тесно поврзан со индивидуланите академските постигања во текот на целиот животот. Во текот на раното детство , малите деца ги воспоставуваат своите први социјални врски со најблиските членови од семејството и со мал дел на свои врсници. Овие први искуства во градењето на социјалните релации играат клучна улога во поттикнувањето на социоемоционалниот развој во текот на раното детство.
Преку планираните активности во текот на годината успеавме да им помагнеме на малите деца во стекнување на чувство на припадност , стабилност и сигурност во социјалниот амбиент. Преку правилно водење и интеракции базирани на игра , воспитниот тим им помагаше на малите деца да развиваат вештини да соработуваат, да преговараат, да водат и да следат правила , да стекнуваат пријателства , да ги изрзуваат своите чувства на прикладен начин. Овие вештини исто така вклучуваат во себе способност за ефикасна комуникација , чувствителност кон емоциите на останатите лица и способност да ги толкуваат настаните околу себе и преку перспектива на останатите лица во нивната социјална средина.

- *Развој на јазикот, описменување и комуникација*

Усвојувањето на јазикот и неговото правилно користење е важно за успешно функционирање на секоја индивидуа во општеството . Новородените деца независно доаѓаат на свет спремни да комуницираат со звуци , гестикулации и зборови. Правилното усвојување на јазикот е комплексен процес на кокј се обрна доста внимание во текот на учебната година. Јазикот на децата им е неопходен да ги изразат своите мисли и чувства, но во исто време тој им е неопходен да ги разберат и другите лица со кои тие секојдневно стапуваат во комуникација. Јазикот се усвојува во одреден социјален и културен контекст. Во почетокот, тоа е семејството како примарна социјална средина , а подоцна тоа е градинката па училиштетото и пошироката социјална средина . Во текот на учебата година се планираа и реализираа континуирано содржини и активности кои го поттикнуваа токму овој домен.

- Пристап кон учење

Раното детство е период кога децата учат како да учат и тие пристапуваат кон овој дел од учењето на различни начини. Пристапот кон учењето претставува основа за преостанатите домени во процесот на рано учење и развој. Овој аспект од раното учење на децата се фокусира примарно на тоа како , а не што учат малите деца. Пристапот кон учењето ги вклучува заедно и ставот на децата кон учењето (интерес, задоволство , мотивација за учење) но и однесувањето на детето во текот на самото учење (внимание, истрајност,иницијативност,флексибилност и самоконтрола)

Љубопитноста кај децата, нивните инереси, упорноста, инвентивноста се особини на детската личност кои се планираа во содржините и активноистите и воедно се развиваат во рамките на останатите домени од развојот. Особено беше важно и на кој начин

детето ја изразува било која од наведените особини, тие разлики треба да бидат поддржани за градење на сопствен стил во процесот на учењето.

Децата учат ефективно кога се длабоко ангажирани во тоа што го прават. При тоа, имаат потреба да манипулираат со различни материјали во текот на раното учење и развој. Учат по пат на откривање. Поради тоа, потребни им се можности да опсервираат, слушаат, истражуваат, експериментираат, прашуваат и цртаат и др., за да ги сумираат заклучоците. Играта обезбедува услови за развивање на позитиван пристап кон учењето во контекст во кој децата се најмногу мотивирани за тоа.

Во рамките на пристапот кон учењето се издвојуваа два клучни аспекти во развојот на детето: љубопитност и иницијативност и креативност и истрајност

- Когнитивен развој и стекнување на општи знаења

Развојот на интелектуалните и менталните способности на децата се потпира на когнитивниот развој кој е во предучилишниот период претставува динамичен прогресивен процес, процес кој настанува како резултат на интеракција на детето со останатите објекти, субјекти и настани кои се случуваат во неговата околина.
Когнитивниот развој во текот на учебната година обединуваше неколку сегменти како што се : препознавање, обработка, организација и соодветна употреба на дадената информација. Процесот на когнитивниот развој вклучуваше и комплекс на ментални активности како истражување, откривање , презентирање , сортирање , класифицирање и мемoрирање, помнење, развивање на имагинацијата.
Меѓу другото влијанието врз когнитивниот развој се фокусира на поттикнување на логичкото мислење кај децата, развојот на мисловните функции (анализа, синтеза, воопштување, заклучување, вреднување, поврзување), на совладување и користење лесни математички операции и броеви како и научниот пристап во обичното секојдневие, запознавање и разбирање на околината, на другите луѓе, живата и неживата природа, потоа на развивање умешности во користење на сетилната перцепција за развивање на процесот на користењето на мисловните функции во учењето, откривањето, поврзувањето и разбирањето. Когнитивниот развој го опфаќа и влијанието врз интелектуалните способности на детето, како и на инерперсоналните и интраперсоналните способности на детето.
Се реализира низ следните субдомени:

- Логика и размислување
- Математика
- Наука – запознавање и разбирање на околината
- Уметност-ликовно и музичко воспитание

## *5. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА*

За успешно остварување на здравствената заштита во детската градинка „ Фемо Кулаков “ се обезбедија оптимални услови за зачувување и унапредување на здравјето, навремено се обезбедија хигиенско-епидемиолошки мерки, доследно се спроведуваше дневниот режим, се обезбеди здрава средина во воспитна работа со децата.

Зачувување на здравјето на децата во детската градинка беше една од основните задачи и воедно предуслов за целокупниот успех во работата на оваа институција. Во оваа возраст децата се посебно осетливи на инфекции, бидејќи сеуште немаат развиено имунолошки-одбрамбен систем, а исто така сеуште недоволно развиена моторика. Навремената превентива за зачувување на здравјето на децата овозможи детето што

поретко да се разболува, да изостанува од колективот, добро да напредува и да се вклучува во сите активности.
Целта на здравствената заштита на децата е подигање на здрава и правилно психофизичко и социјално развиена личност остранување на штетните влијанија врз неговото здравје.
Здравствената заштита на децата опфаќа: санитарно-хигиенски надзор во објектите кој го вршеа одговорните воспитувачи и директорот на установата.Се вршеше надзор во просториите каде престојуваат децата и просториите во кои се приготвува и дистрибуира храната. Посебен акцент се дава во кујнскиот блок,трепезараријата, санитарните чворови, простории за дневен престој.

Контрола и надзор над исхраната: составот на листата на јадење во поглед на биолошката и калоричната вредност на оброците, следење на процесот на приготвување и дистрибуција на храната, процесот на давање и конзумирање на оброкот.

## ***6.РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЈАВНА И КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА***

Со реализирање на јавната и културната дејност се прикажуваат дел од нашите планирани и реализирани активности со децата. Преку ваквите активности се придонесуваше збогатување на социјалниот живот на децата, се збогатуваше културниот и општествениот живот, им се овозможуваше на децата преку разни посети, прошетки, излети да ги запознаваат општествените и културните институции и други објекти во средината.
Во текот на изминатата 2020/2021 година децата се вклучија во разни прослави, приредби ,дефилеа и други манифестации во општествената средина и во градинката ( само преку активности електронски во нивните групи), заради Covid 19

Најприсутна беше соработката со семејството како примарна средина од каде што доаѓа детето. Соработка со родителите и нивното оспособување за поуспешно извршување на нивната функција како воспитувачи на своите деца, најде посебно место во детските градинки.( електронски во групите и на zoom состаноци )

Соработката со родителите најнепосредно ја водеа воспитувачите при секојдневните контакти на приемот на децата, односно преку индивидуалните разговори, родителски состаноци, прослави и присуство на родителите во секојдневните активности кои се изведуваат со децата, оваа година електронски во нивните групи .

Активностите со децата сепак беа најприсутни во текот на учебната година. Покрај секојдневните планирани содржини и активности кои се планираа и реализираа по воспитни групи по Протокол , спроведувајќи ги планираните активности од темата и проектните активности, се организираа и бројни активности само по групи . Активностите поврзани со јавната и културната дејност следат прикажани по тромесечија :

Прво тромесечие : зорица

- ПО ПРОТОКОЛ Свечен прием на сите деца на првиот ден во градинка, проследено со музика, балони и игра, со цел полесна адаптација на сите деца.
- Преку пригодна програма и во соработка со Здружението на борци пензионери од нашиот град го одбележавме загинувањето на нашиот патрон Фемо Кулаков “ со одавање почит на неговата биста`
- Реализирање на планираните активности по повод Детската недела , која се одбележи правата недела од месец Октомври
- Беше одбележана и недела на штедењето со соодветни активности, а во организацијана НЛБ Тутунска Банка
- Вклучување во одбележувањето на прославата за ослободување на нашиот град

Неготино со одбележување на детски рачиња нацртани на зидот од градскиот кеј и секако преку учество во традиционалниот крос

- Реализирање на активности преку цртежи за нашиот град, поврзани со проектот „Градот низ детските очи “ и посета на одредени објекти и институции значајни за нашиот град
- Традиционално продолжи соработката и со нашите драги баби кои се дружеа со своите внуци и дегустираа производи од нивната кујна.
- Во месец Ноември беа организирани и активности по повод испраќање на есента..
- Традиционално секоја година по повод неделата на стари и изнемоштени лица го посетуваме Домот за стари лица „ Жана “.
- Децата од поголемите групи беа на заедничка посета на Театар за деца и млади

Второ тромесечие :

- Почетокот на овој месец е посветен на деца со посебни потреби, па затоа за таа цел се организираа соодветни активности. И секако посета на дневниот центар Порака.
- Новогодишните празници беа одбележани и прославени во просториите на детската градинка во двата објекта. На прославата присуствуваа и децата згрижени во други просторни услови – Пепелиште , Криволак и Тремник.Беше проследена театарската престава „ како да го задржан дедо Мраз кај нас “во организација на тетатарска група од Скопје.

Трето тромесечие :

- Тромесечието започна интензивно со активности посветени на недела на Екологијата
- Беа реализирани активности по повод осмомартовското празнување, посветени на мајката преку цртежи, пораки и соодветни приредби во неколку воспитни групи од двата објекта
-

**Четврто тримесечие :**

## *7. СТРУЧНИ ОРГАНИ ВО ДЕТСКАТА ГРАДИНКА*

Во ЈУОДГ “Фемо Кулаков” работат стручни органи формирани од стручни работници и соработници :

- ***Стручен совет*** го сочинуваат сите работници кои вршат стручни работи и ја остваруваат дејноста во установата и директорот.
- ***Совет на воспитувачи*** – во кој работат сите воспитувачи заедно со надворешните нивни членови, а тоа се директорот, педагогот, логопедот и ликовниот соработник
- ***Совет на згрижувачки кадар*** - во кој работат сите згрижувачи заедно со надворешните нивни членови, а тоа се директорот, педагогот, логопедот и ликовниот соработник
- ***Совет на родители –*** од редот на родителите од сите воспитни групи, кои се предлагаат како делегати во ова тело.
- ***Советувалиште за деца и родители –*** Членови на ов советувалиште се

стручните работници и соработници – Педагог, психолог , логопед и ликовен педагог.

## 8.*СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ И ВОСПИТНО-ЗГРИЖУВАЧКИОТ КАДАР*

По планот за професионален развој на Давателите на услуги во нашата установа ,оваа воспитно образовна година заради Covid кризата неможеше да се постапи , сите предвидени активности останувaат за наредната година ,
Оваа година се реализираа работилници преку ZOOM платформа ,организирани од МТСП
Се реализираа три работилници
Од кои три за Менторирање и една работилница за професионален и кариерен развој на давателите на услуги во Нашата установа .
На овие обуки активно учество земаа 6 вработени ( педагог , логопед , двајца воспитувачи , негователка и директорот на Установата)
Во месец Јули 2021 година се одржа семинар за Директори
На тема Менаџирање во кризна сосстојба „Пандемија Covid 19„

## *9.ПРОЕКТИ*

Учебната 2020/2021 година се реализираа планирани активности од неколку проекти . Во продолжение следуваат извештаи за секој посебно.

### 9.1.ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ ГРАДИНИ ВО ГРАДИНКИ ВО ДЕТСКА ГРАДИНКА ФЕМО КУЛАКОВ –НЕГОТИНО 2020/2021г

**Координатор-** ***Јасмина Маркова***

Во текот на учебната 2020 - 2021 година, во нашата градинка се реализираше проектот „ Градини во градинки “ со речиси сите возрасни групи, започнувајќи од втора мала , до голема група.
Поголемиот број планирани активности по месеци според планот и програмата за оваа учебна година, беа реализирани.

**Септември**
**Активност** –

- Собираме оревчиња

**Октомври**
**Активност-**

- Вкусот на тиквата

**Ноември**
**Активност** –

- Мали градинари

**Февруари**
**Активност –**

- песнички за здрава храна

**Март**
**Активност** –

- работа во зеленчукова градина – плевење на кокар и лук

**Планираните активности се реализираа секоја група во својата занимална и надвор во дворот во определено време од работниот ден**

## 9.2.ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ БОН - ТОН
## УЧЕБНА 2020- 2021г

**Координатор на проектот :** ***Весна Петрова Сокололова– воспитувач***

Учебната 2020/21 година започна со нови правила и протоколи на работа .
И покрај сите потешкотии , со кои изминатава година се соочивме и тешките последици од пандемија од која беше затекнат цел свет па и нашата земја ,се работеше според утврдени правила и протоколи за наша заштита и на сите околу нас . Сепак и покрај специфичната состојба и покрај сите здраствени протоколи и правила гледавме да биде забавно преку планираните активности и игри за децата.
Во годишното планирање на темите беа планирани па континуирано се реализираа голем број воспитно образовни активности и игри со теми од " бон тон " кај децата од 2-6 годишна возраст во двата клона на градинката ( клон Пролет и клон Мајски цвет ) со кои децата се здобија со културно хигиенски навики, а самостојно применуваат здрави и безбедни практики.

Реализираните воспитно образовни активности и игри исто така им помагнаа на малите деца да стекнат чуство на припадност , стабилност и сигурност во однесувањето во различни ситуации во градинката , домот и надвор од него . Овие вештини исто така помогнаа за поефикасна комуникација , правилен и позитивен кодекс на однесување во различни ситуации , поголема толеранција, спречување на конфликтии меѓусебно почитување ...

Реализираните активности со стандарди од повеќе домени помогнаа да се подобри и едукацијата на децата од предучилишна возраст за културно и коректно однесување , за значењето и потребата на убавото и пристојно однесување во семејството, градинката и поширoката општествена средина .

Беа реализирани голем број активности како што се :
Да се запознаеме" , "Како се поздравуваме " , "Чисти рачиња , здрави дечиња ", " Моќта на сапунот" ,"Патот до гардинка" , "Три средби" , "Мојата ознака" , "Како да се однесувам во градинка" , "Јас се хранам" , "За чистите деца", "Во нашето купатило" , "Хигиена на тело" , "Здрави заби" , Време за одмор" , "Облечи - соблечи" , "Моето другарче" ,

"Мојата играчка е сега твоја" ,, "Болното маче" , "Изгубеното мече" , "Рачиња пајачиња" ," Црвен телефон " , " Како поздравувам " , " Кога појдеш во градинка" , "Волшебни (убави)зборови " , "Анимиран филм ( Бон тон ) " Правила во занималната " , "Роденден" ," Утешителна помош" , " На излет" , "  На улица " , "Чичко сообраќаец" , "На пазар" , "Во театар" ," Во библиотека ", "Подаруваме - позајмуваме", " На кино" , "Во посета на верски храм" , " Како да комуницираме со деца , а како со возрасни" , "Сите сме различни , но сепак исти" , "Хајди" , "Конфликт помеѓу деца" , " Нашите емоции "...

Соработка со родителите како и сите наши соработници е секогаш добродојдена , а се реализираше според протоколите за работа кои се дадени од Министерството за труд и социјална политика и Министерството за здравство како и интерните протоколи на градинката.

Овој проект ќе продолжи да се реализира и во секоја наредна учебна година се со цел децата да се научат на културно и убаво однесување во градинката и надвор од неа .

**Планираните активности се реализираа секоја група во својата занимална и надвор во дворот во определено време од работниот ден**

## 9.3.ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ МУЛТИКУЛТУРАЛИЗАМ УЧЕБНА 2020/2021г

**Координатор:*Валентина Мукаетова -воспитувач***

**Основната цел на проектот беше остварена:** се поттикна почитувањето на различностите и мултикултурализмот на тој начин што креира услови кои овозможуваат децата:

**Месец септември 2020 - Активност : „ДРУЖИНАТА МЕЛА“**

**Цел беше :** Да се воочат и разберат различностите меѓу луѓето, споредување на сличностите и прифаќање и согледување на своите вредности и можности.

**Реализирани активности**

- Читање на приказната „ ДРУЖИНАТА МЕЛА“ ;
- Разговор за содржината на приказната;
- Цртање на децата членови во дружината МЕЛА; и
- Изложба на нашите изработки.

**Месец октомври 2020 - Активност : Очилата на Ениса**

**Цел беше :** Воочување и разбирање на различностите меѓу луѓето согледување на сличностите и прифаќање и согледување на своите вредности и способност

**Реализирана активноста:** изразно читање на сликовницата ,,Очилата на Ениса ,,, раскажување на содржината, дискусија и цртање на очилата

**Месец ноември / декември 2020 - Активност *:* Марко во количка**

**Цел беше:** Развивање на способност за разгледување на сликовницата, развивање

способност за раскажување настани по слики кои имаат одреден редослед, воведување кон запознавање со моралните вредности (љубов, мир, ненасилство, добро однесување)
**Реализирана активноста**: Децата од големите групи од клон „Мајски Цвет“ во проектот Мултикултурализам“ ја работеа сликовницата „Марко во количка“.

1. Игра: Додавање на топка, едно дете седи на столче а друго му ја додава топката и менување на улогите.
2. Игра: Влечење со столица, едно дете седи друго влечи и менување на улогите.
3. Читање на сликовницата, раскажување по слики.

***Реализирана активноста:*** **Јазикот на Сара**

**Месец февруари 2021 - Дедото што беше слеп**- сликовница – активност

**Реализирана цел :** оспособени да ги разликува сличностите и разликите кај луѓето., оспособени кон воспоставување односи со други непознати лица, воведување кон запознавање со елементарните морални вредности.(љубов, мир,добро однесување кон луѓето)
**Реализирани Игри**
Погоди што има во вреќата (допир)
Погоди ја затворената капија (го следиме звукот од децата )
Одиме по патеката со  затворени очи.

**Планираните активности се реализираа секоја група во својата занимална и надвор во дворот во определено време од работниот ден**

## 9.4.ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ ГРАДОТ НИЗ ДЕТСКИТЕ ОЧИ УЧЕБНА 2020/2021г

**Координтор :**
***Воспитувач- Елизабета Димова***

Овој проект имаше за цел да развие кај децата љубов кон своето родно место, чувство на припадност , грижа и одговорност кон својот град.
Преку повеќе реализирани активности децата од големите групи се запознаа со позначајните институции на градот, со нашата култура и традиција.

**Реализирани активности ( оваа година сите активности се реализираа во занималните , со помош на електронски активности ,од претходни години , со помош на видео записи , сликовници , фотографии и слично )**

**Активност -** Неготински панаѓур
**Цел:** развој на способност, за идентификување на своите карактеристики , преку препознавање на нивната култура и традиција .
**Краток опис:** Разговараме за Неготинскиот панаѓур... децата ликовно го представија панаѓурот ( по сеќавање од претходниот панагур) Со децата организиравме игра - Панаѓур.

**Активност –** Гроздобер- посета на лозје
**Цел:** децата да стекнат знаења за традицијата во нашиот винарски крај, со начинот на берба на грозје и неговата намена
**Краток опис-** разговор за престојниот гроздобер. Децата по свое видување го искажаа начинот на берење на грозјето , неговото значење и придобивките од него
**Активност -** Посета на винарска визба- видео презентација
**Цели** – запознавање со процесот на производство на вино , карактеристично за нашиот крај
**Активност** – Посета на банка
**Цели** – запознавање со институцијата БАНКА , како и со значењето на штедењето . Оваа активност е во соработка со Тутунска банка. Секоја година па така и оваа ,покрај постетата на банката , се организираше и ликовен конкурс , на којшто и нашата градинка зема учество и доби пофалници .
**Активност** – Посета на културно историски споменик – СААТ КУЛА
**Цели-** запознавање со нашето културно историско минато
**Активност** - Се вклучуваме во празнување на роденденот на нашиот град Неготино
**Цели** –Поттикнување на децата за вклучување во активности и манифестации, по повод одбележување на празникот на градот
**Краток опис -** Учество на настанот огранизиран од општината „ Урбано Неготино" презентација
**Активност** - Во посета на фабрика КИМ - видео презентација
**Цели** - Запознавање со палетата производи што се произведуваат во фабриката КИМ како и со начинот на производство на истите
**Активност** – Посета на библиотека
**Цели** – запознавање со библиотеката и да се поттикнува љубовта кон читањето на книги односно сликовници
**Активност** – посета на дом „ЖАНА"
**Цели** – запознавање со институцијата- дом за стари и изнемоштени лица
Децата од нашата градинка ги развеселија старите лица сместени во дом „Жана" со кратка приредба.
**Активност** - Посета на Дом на култура ,,Ацо Ѓорчев ,, видео презентација
**Цели** –Запознавање со просторот во домот на културата ,како и со неговата намена.
**Активност** – Посета на хотел „Памела" презентација
**Цели**- запознавање со хотелот како место каде што престојуваме кога патуваме , запознавање со просториите и начинот на работа

**Планираните активности се реализираа секоја група во својата занимална и надвор во дворот во определено време од работниот ден**

## 9.5.ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ ЗДРАВИ ЖИВОТНИ ВЕШТИНИ
## УЧЕБНА 2020/2021г

**Координатор *: Виолета Петрова***

Цел на проектот Поттикнување, развивање и оспособување на децата при самостојно изведување на секојдневните активности поврзани со личната хигиена и нега, стекнување на вештини за препознавање на опасни ситуации и одговорно однесување кон околината, возрасните при секојдневната интеракција

Временска рамка : септември 2020 – март 2021

Реализатори на проектот : воспитно-образовниот тим на ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “, стручни работници ( педагог, психолог, логопед и ликовен педагог ), родители
Надворешни стручни соработници

Целна група : деца на возраст од 2-6 години ( сите воспитни групи )

Кратко резиме :
Основната идеја за реализација на проектот „ Здрави животни навики “ беше кај децата да развие вештини за самостојност и независност при извршувањето на секојдневните активности со кои поттикнавме љубов и грижа кон околината, активности за поттикнување на самостојност и одговорност на децата во различни социјални секојдневни ситуации и прифатливо и одговорно однесување.
Со реализацијата на овој проект кај децата усвоивме знаења за примена на здрави животни стилови во секојдневието.

Глобален план на активностите :Активностите се планираа и реализираа месечно и по договор со воспитно-образовниот тим, а секако согласно и интегрирано со планираните теми и возрасната група на децата.
Предлог активности :

- Како се поздравувам
- Ден за запознавање со новото другарче
- Како се однесувам во градинка
- Облечи – соблечи
- Алиштата и чевлите во шкафче ги стави за да бидат чисти, уредни и здрави
- Да се запознаеме
- Јас се хранам
- За чистите деца
- Во нашето купатило
- Хигиена на телото
- Здрави заби, бисерна насмевка и посета на стоматолог
- Време за одмор
- Моето другарче и танцот со моето другарче
- Мојата играчка е сега твоја
- Питата на баба
- Гајдата на дедо

- Баба плете џемперче
- Приказни и танци разни
- Овошје и зеленчук
- Минерали и витамини
- Топло чајче, киу киу кивавица
- За да бидеш здрав и цврст не ставај во уста прст
- На пазар
- Фустачето на куклата
- Мери , премери
- Вежбам вежбам јас
- Јас и мама во кујна
- Грижа за цвеќето
- Подарок за мама

Резултати : Со реализирањето на овој проект низ разните активности децата се мотивираа и постојано се поттикнуваа за самостојно да ги учат и извршуваат одредени работни задачи ида ја сфатат улогата и потребата за здрава исхрана, самостојно оддржување на хигиената, уредување и грижа за просторот во градинката, домот и околината. Децата стекнаа одговорен однос кон себе, семејството, другите деца, воспитувачите и другите возрасни лица, како и одговорност кон работните задачи и околината. Децата стекнаа навика за соработка, емпатично да се изразуваат, да ги контролираат емоциите и конструктивно да ги разрешуваат конфликтите.

**Планираните активности се реализираа секоја група во својата занимална и надвор во дворот во определено време од работниот ден**

## 9.6.ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ ОД ДЕТЕ ЗА ДЕТЕ
## УЧЕБНА 2020/2021г

**Координатор:** ***Марика Петрова***
***воспитувач***

**Цел на проектот**: Едукација на децата од предучилишна возраст за значењето на другарството и хуманоста, развивање на позитивен однос кон другите, взаемно помагање, љубов и разбирање.

**Временска рамка** : Септември 2020- Март 2021г

**Реализатори на проектот:**
- воспитно-образовниот тим од ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “
- стручен соработник – педагог
- центар за социјални работи Неготино
- Совет на родители

**Целна група :**
деца од 3- 6 години

**Кратко резиме :**

Преку проектот „ Од дете за дете “ кај децата се поттикна хуманоста, солидарноста, социјализацијата, другарството, се развива љубовта и позитивен однос помеѓу децата, семејствата и пошироката општествена средина.

Со реализираните активности во текот на учебната година, кај децата се негуваше хуманоста , другарството, секое дете кое беше поттикнато да споделува знае да го цени добиеното.

кај децата се поттикне самодовербата, почитување кон другиот, надминување на предрасудите, поттикнување на правилен и позитивен однос кон секое дете, без разлика на неговата вера, националност и социјален статус. Зголемување на доверба, взаемно помагање, љубов и разбирање – беа наши основни концепти.

**Планираните активности се реализираа секоја група во својата занимални и надвор во дворот во определено време од работниот ден**

## 9.7.ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ СПОРТ И СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ УЧЕБНА 2020/2021г

**Координатор:**
***Рајне Чукаркова***

Во текот на учебната 2020/2021 година во ЈУОДГ,,Фемо Кулаков,,-Неготино се реализираше проектот ,,СПОРТ И СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ,, Во проектот беа вклучени деца од 4-6 годишна возраст. Проектот се реализираше преку следниве активности :

- Спортски активности – на отворено
- Спортски активности –во затворен простор
- Движења во колона- ( остварени при посета на одредени институции во соработка со пошироката општествена средина )
- Игри со додавање на топка
- Игри со качување и одење по греда
- Игри на движења по различни траектории на движења и сл
- Секојдневни вежби за оформување на тело- комплекс на вежби
- Секојдневни вежби за опуштање и истегнување на телото

**Планираните активности се реализираа секоја група во својата занимална и надвор во дворот во определено време од работниот ден**

## 9.8.ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ РЕЦИКЛИРАЊЕ СО ИМАГИНАЦИЈА
## УЧЕБНА 2020/2021г

**Координатор : Воспитувач Ана Јанева**

Во учебната воспитно образовна 2020/2021 година во нашата градинка се реализираа повеќе воспитно образовни активности, игри , работилници . Децата се стекнаа со добри животни навики и лична одговорност за заштита на животната средина . Правилно рециклирање на отпадот , намалување на обемот на мешан отпад и помало загадување на околината .

Во проектот активно учество зедоа децата од сите воспитни групи од двата клона на возраст од 2 - 6 години , воспитно образовниот тим на ЈУОДГ Фемо Кулаков , групите во други просторни услови со помош на воспитно згрижувачкиот тим во с.Тремник,с.Пепелиште и с.Криволак ,Стручни соработници( педагог , логопед ,ликовен педагог ) ,Родители и надворешни стручни консултанти .
Но поради пандемијата од месец март проектот со помош , насоки и предлог активности продолжи да се реализира по домовите на дечињата со помош на нивните родители .Инструкци и предлог активности децата односно родителите добиваа преку социјалните мрежи ,преку затворени групи ,mesinger и viber ( секоја воспитувачка си има своја група на родители од децата во нејзината група ) и преку истите ги праќаа своите изработки .

Па така и покрај пандемијата и прекинот со работа на градинките децата сепак се здобија со првите елементарни знаења и навики , а овие први искуства ќе им помогнат за да имаат поздрав начин на живот .

Со помош на реализираните активности децата веќе ги препознаваат материјалите за рециклирање и успешно ги класифицираат . Се поттикна мисловниот процес , помнењето , љубопитноста и креативноста , истрајноста . Децата стекнаа нови знаења и искуства кои во иднина ќе ги применуваат за свое добро , за доброто на сите нас , околината како и за целата планета .
Ова се дел од реализираните активности во грдаинката
Беџови и пораки за почеток на новата воспитно образовна година,

честитка и букет за мама





Носење одреден отпад од дома и нивно селектирање ( хартија и пластични шишиња ) ,Селектирање на отпадот ( хартија ,пластика ,стакло ), Анимиран филм ( екологија) ,Прашања и одговори , Симулациски игри , Уметничка изложба ,Новогодишни рециклирани украси ,пешерата на меца
Пласични шишиња како саксии за цвеќе ,Чашки за боици од поголеми и помали туби



,Уредување на дворот , Цвет од пластични шишиња , Мојот град , Куќичка за гладното врапче ,пештерата на меца...

Еве и дел од изработки од децата и нивните родители по предлог активности од воспитниот тим на градинката

Срећен роденден градинке





велигденски украси









играчки иразни








Завршниот дел од проектот беше презентирање на сите изработки на FB страната на градинката Фемо Кулаков .

**Планираните активности се реализираа секоја група во својата занимална и надвор во дворот во определено време од работниот ден**

## 9.9.ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ СЕМЕЈСТВО И СЕМЕЈНИТЕ ВРЕДНОСТИ УЧЕБНА 2020/2021г

**Координатор:**
***Родна Јуришиќ -воспитувач***

Проектот се реализираше во текот на целата учебна година2020/2021, со децата од 4-6 годишна возраст во градинката, а помалите групи беа индиректни учесници и набљудувачи на дел од активностите.
Планирани активности беа: Моето семејство, Секој во семејството има име ,Родител-гостин во градинката ,Од утро до вечер ,Подготвуваме зимница ,Семејни обичаи ,Семејна книга ,Исто а различно ,Трпезата на слава ,Да бидеме хумани ,Новогодишен подарок ,Волшебник, Бадникова вечер, Именден, Семеен ручек-празничен ручек, И јас сум одговорен, Можам така и затоа секој ме сака, Денас е мојот ден – славам роденден, Засади цвет, Баклава за прочка, Пеам и играм, Кога ќе ме гушнат, Изложба од темата, Мојот цвет- најубав на целиот свет, Во посета на

семејството..., Го славиме големиот ден – Велигден, Го славиме големиот ден- Ѓурѓовден, Родителите глумат, Цртаме,сликаме,моделираме, Истражуваме,

**Планираните активности се реализираа секоја група во својата занимални=а и надвор во дворот во определено време од работниот ден**

## 9.10. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ МОЈА ХИГИЕНА – МОЈА НАВИКА УЧЕБНА 2020/2021

**Координатор:**
***Душанка Димитријова Соколова***

Цел:Градење на чувство за одговорност и грижа за самиот себе,стварање односно надоградување на добри хигиенски навики,одржување на лична хигиена,потикнување на љубопитност,истрајност,трпеливост и интерес за стекнување на нови знаења и искуства.
-Што ме прави чист;
-Прибор за лична хигиена
-Имитирај движење по дадена фраза(хигиена на одредени делови од телото)-пантомима
-Практицирање на хигиенски навики-самостојно и со помош(пред и по јадење).
-Практикување на хигиенски навики по влегување од надвор во тоалетните простории.
-Јадиме чиста и здрава храна и користиме чист прибор.
-Моја хигиена моја одговорност.
-Правиме хигенско пакетче.
-Хигиената-половина здравје-како да се заштитуваме да не се разболуваме.
-Се грижиме и помагаме во домот и градинката-наша одговорност и обврска.
-Еко – акција во дворот со помош на родители
-Еко пораки
-Еко патрола
-На работа во дворот на градинката- разубавување(садиме ,полеваме,плевиме цвеќиња)

**Планираните активности се реализираа секоја група во својата занимална и надвор во дворот во определено време од работниот ден**

## 9.11.ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ ТРАДИЦИЈА И ОБИЧАИ УЧЕБНА 2020/2021

**Координатор**
***Елизабета Петрова – воспитувач***

Во текот на 2020/2021 година во нашата градинка се реализираа повеќе активности од Проектот **Традиција и Обичаи** во нашиот крај со децата од 2-6 годишна возраст.

Негувањето на традицијата има за цел да се празнуваат повеќе религиозни и

државни празници  кои се дел од нашето културно наследство, како и оживување на заборавените традиционални обичаи, игри кои се пренесуваат од колено на колено, за стекнување на нови  знаења, навики и вештини кај децата.

За таа цел во текот на годината се реализираа повеќе активности  низ повеќе аспекти на развој предвидени со долгорочното глобално планирање и се оствариja поголем број на цели.

Се реализираа следните активности:

Гроздобер во нашиот крај

Традиционална трпеза по повод  св.Никола, Божиќ, Нова Година,

Прослава на имендени во кругот на групата .

**Планираните активности се реализираа секоја група во својата занимална и надвор во дворот во определено време од работниот ден**

## 9.14.ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ СОЦИЈАЛНА КОХЕЗИЈА И КУЛТУРЕН ДИЈАЛОГ УЧЕБНА 2020/2021

***Воспитувачи за колегијална Подршка:***

***Елизабета Димова – воспитувач***

***Рајне Чукаркова – воспитувач***

***Душанка Димитријова Соколова - воспитувач***

Во учебната 2020/2021 година во периодот од  м.Септември до  м.Август продолжи реализирањето на проектот за социјална кохезија  и културен дијалог ,подржан од министерството за Труд и Социјална политика. Од нашата градинка овој проект го реализираа воспитувачите: **Елизабета Димова , Рајне Чукаркова, Душанка  Соколова –Димитијова**  .

Овие воспитувачи реализира  неделни ЗООМ средби со сите воспитувачи од нашаата

градинка, а исто така подржуваа воспитувачи од детска градинка во Богданци и Демир капија.
Целта на овие средби имаа за цел да ги пренесат своите искуства и знаења , кои истите ги стекнуваа со заедничка работа со д-р Rebekah Granger Ellis , професор на универзитетот Џон Хопкинс .
Во м.декември воспитувачите за колегијална подржка присуствуваа на ЗООМ семинар организран од страна на УНИЦЕФ под раководство на со д-р Rebekah Granger Ellis , професор на универзитетот Џон Хопкинс , на кој се запознаа со модул 2- конструктивизам или што е тоа конструктивистичко учење ; кое неговото влијание врз развој на детскиот мозок и придобивките од истото и практична примена.
Следните чекори на нашите воспитувачи - подржувачи беше оваа искуство и знење да го пренесат на колешките воспитувачи од нашата градинка. Поради пандемијата со ковид 19 , своите теоретски и практични знаења ги пренесоа преку одржување на ЗООМ состаноци.
Во м. Август воспитувачите повторно присуствуваа на сминар одржан од страна на д-р Rebekah Granger Ellis , професор на универзитетот Џон Хопкинс .На овој семинар тие се стекнаа со практична примена на конструктивистичкото учење , преку примери за реализирани активности и истите го пренесоа своето видување и искуство на сите восспитувачи од нашата градинка.На овој начин се заокружи реализрањето на Модул 2 , каде што на ниво на градинка за сите воспитни групи се обезбедија сликовници за работа со деца за примена на оваа учење и оперативни планови за нивно реализрање.
Овој проект ќе продолжи и следната воспитно –образовна година, со практична примена на стекнатите знаења и искуства преку моделот на колегијална подршка помеѓу воспитувачите.

## *10. СОЦИЈАЛНА ДЕЈНОСТ*

Во ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “ секоја година кога се врши упис на деца во градинката на почетокот на годината и во текот на целата година се собираат податоци за социјалниот статус на децата а воедно и на целото семејство.
Во текот на учебната 2020/2021 година преку МТСП немаме скали за бодирање или за скалесто плаќање на партиципација за градинка, односно сите деца ја плаќаат цената пропишана од МТСП.

Од минатата година , поточно од мај месец се спроведува и бесплатна партиципација за градинка , на децата на самохрани родители кои не земаат или земаат минимален доход .

## *11.РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМИТЕ НА ДИРЕКТОРОТ И ДРУГИТЕ СТРУЧНИ РАБОТНИЦИ И СОРАБОТНИЦИ*

### 11.1. ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ ЗА ПЕРИОДОТ 2020/2021 ГОД

Директорот во текот на програмската 2020-2021 година своите активности во установата ги насочи во согласност со поставените стратешки цели за развој на установата и спрема проценетите актуелни потреби на градинката, децата, родителите, вработените, локалната средина итн.

Во согласност со поставените цели доминантните активности беа насочени на планот на унапредување на условите за живот и работа на децата и вработените во градинката, пред се низ организација и рализација на низа активности во рамките на тековното и инвестиционото одржување на објектите. Во таа смисла организирани и реализирани се сите активности кои се однесуваат на склучување на договори за набавка на работи и услуги со доставување барање за прибирање понуди кои се однесуваат на реконструкција и одржување на објектите.

Паралелно со горенаведените активности друг важен аспект на работата на директорот се однесуваше на создавање услови за квалитетна реализација на воспитно-образовната работа предвидена со годишната програма за работа на установата за период 2020-2021 година.

Директорот своите активности и заложби ги насочи кон обезбедување на неопходни средства за работа, набавка материјали за воспитниот кадар, набавка на дидактички и нагледни материјали, набавка на играчки, набавка и претплата на стручна литература и списанија, учество во креирањето на програмата за стручно усовршување на вработените на ниво на установата како и во конкретна реализација на конкретните теми во доменот на стручното усовршување на воспитно-згрижувачкиот,стручниот како и помошниот персонал и персоналот во кујна.

Според закон за заштита за деца неопходно е извршен санитарен преглед на целиот персонал. Санитарниот преглед е извршени од овластени институции од оваа област.

Во текот на програмската 2020/2021 година директорот:

Учествуваше во изготвувањето на Годишната програма за работа на градинката;

Учествуваше во изготвувањето на Годишниот извештај за работа;

Учествуваше во формирањето на воспитните групи според возраста на децата;

Даваше стручна помош и учествуваше во планирањето и програмирањето на работата на Стручниот совет на градинката, ја следеше, насочуваше, поттикнуваше и координираше со неговата работа. Учествуваше во подготвувањето и водењето на седниците.

Раководеше во заедничка координација со педагогот со Советот на воспитувачи и негователки во рализирање на програмата за стручно усовршување во градинката за 2020/2021 година и даваше насоки за подобрување во евиденцијата.

Остваруваше задолжителни разговори, консултации, советувања со работниците со цел да се подобрат констатираните недостатоци, да се унапреди дејноста, иницирање, координирање, насочување и следење на активностите во врска со интензивирање на воспитната функција на градинката и нејзината актуелност .

Беше во постојана комуникација со родителите на децата кои престојуваат во градинката, како и со оние родители кои за прв пат ги запишуваат своите деца во однос на давање совети за престојот во градинката како и за начинот на згрижување, воспитување и образование во истатата .

Присуствуваше на сите седници на Управниот одбор, го информираше за состојбите, целокупната работа и настојуваше да се реализираат донесените одлуки и заклучоци

Учествуваше во изготвување на Нормативните акти во јавната установа (одлуки, решенија, правилници);

Со МИОА сме во постојан контакт и редовно и навремено одговараме на сите нивни барања и задачи(Изготвен е и план за вработување за 2022г),што ќе допринесе за непречено вработување на административните службеници и помошно техничкиот персонал) .Постојано сме во корелација со МТСП и редовно и навремено одговараме и ги извршуваме дадените задачи од нивна страна.Исто така и оваа година продолживме со електронското водење на педагошка евиденција и многу точно прецизно и навремено

ја извршуваме  оваа задача.
Во електронската евиденција се заведени сите вработени , а посебно  во делот кај даваталите на услуги , каде што се заведени нивните лиценци и обуки на кои имаат посетувано .
,поголем број на  даватели на услуги (воспитувачи , негователки , стручни работници и соработници ) поднесоа барања за продолжување на лиценците – три месеци пред истекот на важноста која е пет години .Стручните работници , соработници и воспитувачи , покрај другите документи кои се потребни за продолжување на лиценците доставија и документ за  минимум 20 ч  обука,негователките  минимум10 бода  - обука .
Во текот на месец јули сите лиценци се добиени и продолжени ,сите даватели на услуги поседуваат лиценци и навреме продолжени лиценци .

Учествуваше во реализирање на годишен финансов план за 2020/2021 година, месечни и квартални финансови планови; годишен план за јавни набавки;
Согласно годишниот финансов план, планот за јавни набавки, и потребите на Градинката, вршеше набавки на стоки, услуги и работи;
Ги следеше промените на Законските регулативи во јавните набавки и земаше учество во обуките за измените и дополнувањата на законот за Јавни набавки.
Го организираше и контролираше административното, финансиското и материјалното работење во Градинката согласно законските прописи:
Учествуваше заедно со медицинската сестра во изготвувањето на листа за исхрана на децата од градинка и јаслена возраст, со цел истата да ги задоволи нормативите и стандардите предвидени за исхрана на деца од предучилишна возраст а во соработка со Министерството за Труд и Социјална Политика , како и водеше грижа за целокупната здрвствена заштита и превентива;Листата за исхрана на децата од градинката беше во целост контролирана. И предлозите од МТСП  исто така  беа прифатени во целост од наша страна.
Во текот на целата учебна година ,секој месец се правени листи на оброци и листи на алергени и се истакнати на секој влез .
Придржувајќи се на законската регулатива два пати во годината во двата  објекти  и во групите во други просторни услови  се извршува дезинфекција, дезинсекција и дератизација.а по потреба се извршува и дополнителна ДДД.( оваа година заради Пандемијата  се направија и неколку вонредни ДДД по епидемиолошка индикација.

Оваа година се  реализираа неколку набавки

- Реновирање на купатилата во Објект Мајски Цвет

-тековно одржување на објекти( стругање , лакирање на пархет во 5 занимални и ходници во двата објекта

- Набавка на Роло Завеси за сите 18 занимални во двата објекти

Учествуваше во координирање и организирање на соработка на градинката со родителите - преку советот на родители вклучувајки двајца родители од советот во управниот одбор на градинката и нивно максимално ангажирање при планирањето на воспитно образовните активности и нивна изведба.Преку целата година градинката беше отворена за соработка со родителите,воспитниот тим и групата на нивните деца,се со цел да бидат информирани за начинот на воспитување и згрижување на нивните деца,

во насока за поактивно вклучување на семејството во детската градинка, поаѓајки од фактот дека соработката е доста значајна за правилен развој на секое дете.
Беа одржани неколку родителски (online)со цел родителите да бидат во тек со процесот згрижување и воспитување на нивните деца.

Активно ја следеше реализацијата на воспитно образовната работа на тимот на стручни работници – соработници и воспитно згрижувачкиот кадар.
Ја следеше работата на одговорните на објектите, даваше стручна помош и активно соработуваше во насока на успешно и нормално функционирање на објектите и дејноста на установата.
Ја следеше и учествуваше во реализацијата на проектите , кои се во склоп на програмата .
Се грижеше за стручното усовршување на воспитно- згрижувачкиот кадар:.
Вршеше и други работи кои произлегуваа во текот на секојдневните активности а беа во доменот на работата на директорот.

## *11.2. ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ПЕДАГОГОТ*
## ЗА ПЕРИОДОТ 2020-2021 ГОД

Поаѓајќи од подготвената Програма за работа со децата од предучилишна возраст во ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “ педагогот во текот на годината ги реализираше планираните содржини со одредени измени и дополнувања кои ќе бидат дел од овој извештај.
Во текот на своето работење месечно изготвуваше свој план за работа, поаѓајќи од тезите кои ги имаше зацртано во годишната програма за работа, како и од потребите кои се наметнуваа во текот на работењето.
Дневната евиденција беше исто така една од формите со кои ја планираше и евидентираше својата работа.
Својата работа ја обавуваше во двата објекта на установата, повремено со трите групи од руралните средини.
Следејќи ги тезите по кои ја планираше својата работа, извештајот ќе тече по тој редослед.

***1. Учество во планирањето и програмирањето на воспитно-образовната работа***

Педагогот на почетокот на учебната година изготви годишна програма за работа по која работеше во текот на учебната 2019/2020 година.
Покрај планирањето и реализирањето на својата работа, педагогот континуиранио и директно беше вклучена во планирањето и програмирањето на воспитно-образовната работа во сите воспитни групи на установата. Даваше свој придонес во изготвувањето на годишните програми за работа на останатите стручни тела на детската градинка како и во планирањето на разните форми и начини за соработка со семејствата.

***2. Следење и унапредување на реализацијата на планот и програмата на воспитно-образовниот и згрижувачкиот кадар***

Педагогот спонтано ја следеше, насочуваше, усовршување и продлабочуваше работата на воспитувачите и згрижувачите преку постојаното присуство во воспитните

групи, а по потреба даваше одредени сугестии со цел подобрување на воспитно-образовната работа по воспитните групи.
Следењето на децата, посебно нивните индивидуални потреби беа дел од активностите кои педагогот ги правеше додека присуствуваше по воспитно-образовните групи.
Соработката со семејството, како една од најприсутните форми на работа, исто така беа дел од следењето кои педагогот ги спроведуваше во текот на своето работење.
Ја следеше одмереноста и прилагоденоста на програмските содржини со можностите на децата од конкретната возраст во однос на интелектуалниот и социо-емоционалниот развој на децата.
Континуираното следење на реализацијата на содржините планирани во програмите на стручните тела , исто така беа дел од работите на педагогот.
Активно беше вклучена во реализацијата на активностите од сите планирани и реализирани проекти. Во поголем дел од нив беше директно вклучена со свои предлози и ангажирања, додека во дел од содржините само со свои идеи и поддршка во истите.

### *3. **Вршење на педагошко-инструктивна работа и соработка со воспитниот тим со цел унапредување на воспитно-образовната работа***

Со цел градење на системот на професионален развој и унапредување на воспитно-образовната работа, преку целата учебна година педагогот даваше совети, посочуваше литература и извори на информации, со цел унапредување на воспитно-образовната работа и професионален развој на воспитно-образовниот кадар. Континуирано се грижеше за одржување на нивото на квалитет во работењето во сите сегменти. Инструктивната работа беше една од клучните концепти која педагогот на детската работа ги применуваше во својата работа, со цел унапредување на работата на сите вработени во градинката. Најчесто тоа го правеше со воспитувачите на детската градинка, почитувајќи ги и инволвирајќи ги најновите сознанија од  од областа на психофизичкиот, когнитивниот, социјалниот и моторниот развој на децата од различни возрасти. Ги следеше најновите психолошко-педагошки сознанија од областа на предучилишното воспитание и образование.
Континуирано водеше инструктивна работа  и даваше стручна помош следејќи го своето искуство во однос на градење на здрави детски колективи и формирање на позитивни особини кај децата.

### *4. **Имплементација на активностите од Развојниот план на установата***

Во текот на оваа учебна година, педагогот заедно со дел од лидерите на Развојниот планирање подготвија нов Развоен план за период од 2018/2022.
Вклучени беа Елизабета Петрова – воспитувач, Весна Нацева – психолог и Валентина Сакламаева – логопед. Овој лидерски тим подготвија и соодветни инструменти кои се дел од Развојнопто планирање за следниот период.

### *5. **Учество во планирањето и реализацијата на работата на стручните тела на детската градинка***

Педагогот имаше соработка со директорката на детската градинка , како и со другите стручни лица во детската градинка : психологот, логопедот, ликовниот педагог и книговодителот.

Учествуваше во работата на стручните тела како што се Совет на воспитувачи, Совет на згрижувачи и Совет на родители.
Континуирано во текот на целата учебна година водеше грижа за покомплетно планирање и реализирање на јавната и културната дејност.

Педагогот на установата соработуваше и со стручни лица надвор од градинката заради организирање на одредени активности кои се реализираа на ниво на град. Соработуваше со стручните тимови од други детски градинки и основни училишта и ги пренесуваше своите искуства.

## *6. Следење на развојот на децата и непосредна работа со нив*

Во текот на целата учебна година непосредната работа со деца беше постојана и континуирана работа на предучилишниот педагог. Го следеше нивниот развој, почнувајќи од уписот и адаптациониот период на новозапишаните деца, и секако во текот на целиот нивни престој. По потреба влегуваше по воспитни групи и ги опсервираше децата кои имаат отстапувања во нивниот развој како и во однесувањето со останатаите деца. Ги следеше нивните развојни потенцијали опфаќајќи ги сите аспекти од развојот на личноста на едно дете. Развојот на интерперсоналните односи на децата, како и мерките за надминување на евентуални одстапувања , беа дел од секојдневните активности на педагогот. Помагаше во организирањето на заедничките посети, прослави, приредби и секојдневни активности со децата по воспитни групи. Учествуваше во подготовката на материјалите кои беа потребни за пополнувањето на Досието на детето кое беше законска обврска на секој воспитувач да го води за секое дете.
Уписот на децата секако беше дел од работните задачи на педагогот, како и структуирањето на воспитните групи. Водеше редовна месечна евиденција за присуството на запишаните деца по воспитни групи.
Заедно со психологот на детската градинка започна со тестирање на децата за испитување на предзнаењата за поаѓање во прво одделение. Истото не се реализира до крај и не се соопштија резултатите на родителите поради прекинот со работа на детската градинка поради пандемијата со Ковид 19.

## 7. *Соработка со семејствата и советодавна работа со родителите*

Поаѓајќи од фактот дека родителите се првите воспитувачи на своите деца и дека соработката со семејствата е доста значајна за правилен развој на личноста на секое дете, педагогот на установата обрнуваше посебно внимание на ова поле.
Постојано ги поттикнуваше семејствата да бидат рамноправни партнери во воспитно-образовниот процес на нивните деца.
Вршеше инструктивна и советодавна работа со нив, водеше консултативни разговори, почнувајќи од самиот упис на своето дете во детската градинка, се во контекст на развојот на нивното дете и даваше стручна помош доколку е потребна. Учествуваше во планирањето на родителските средби и по потреба во нивното реализирање.
На почетокот на учебната година беше присутна на дел од родителски средби.
Активно учествуваше во работата на Советот на родители, во планирањето и реализацијата на одредени активности.
Отвореноста на градинката овозможи родителите да имаат можност во секое време да се обратат кај педагогот, со цел надминување на одредени потешкотии и збогатување на своите сознанија за подобро родителство.
Планираните соодржини, методи и форми на работа планирани во програмата на Советувалиштето на деца и родители, делумно ги реализира поради прекинот на воспитно-образовниот процес. Успеа да реализира само две работилници со родители

на тема „ Влијанието на технологијата врз развојот на децата “ со родителите од двата објекта во детската градинка.
За време на прекинот на воспитно –образовниот процес на детската градинка, соработката со родителите продолжи преку проектот „ И јас сум како Веселко и Маја “.
Педагогот подготви три презентации кои беа споделени со родителите на тема : „ Среќен родител – сречно дете “, „ Родителството – ваша најважна професија “ и „ Време за вас “.
Библиотеката со богата едиција беше постојана на располагање на родителите и еден дел од родителите редовно ја користеа оваа поволност.

## *8. Соработка со општествената средина и стручните институции*

Како дел од соработката со општествената средина, беше и планирањето и реализирањето на јавната и културната дејност, која во целост се реализира.
Учествуваше во сите организирани посети, прослави, изложби и приредби. Прошетките и посетите беа добар начин детската градинка да ја покаже својата работа надвор од просториите каде се работи.

## *9.Индивидуално стручно усовршување*

Следењето и читањето на стручната публикација овозможи и оваа година педагогот да ја збогати својата стручност како предучилишен педагог, кој постојано се залага за својата сопствена едукација.
Во текот на учебната 2019/2020 година присуствуваше на една едукација организирана од ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “ :

- „Соработка на установата за деца со родителите и локалната заедница “ организирана и реализирана од проф Константин Петковски и Фанче Јошевска
- Во средината на месец мај, педагогот беше вклучен во интерна обука за ,,Социјална кохезија и културен дијалог“ за колегијална поддршка. Поради актуелната ситуација беше реализирана во помали работни групи, најпрво со on-line средби, а потоа и средби во градинката во помали групи и со максимална примена на сите пропишани мерки за здравствена заштита на вработените
- Во почетокот на месец август, педагогот присуствуваше на интерна обука во градинката на тема: “Менаџирање со човечките ресурси во градинката и Изготвивање на Личен план за професионален развој преку саморефлексија“.Истата беше спроведена со сите мерки на заштита.

И оваа година продолжи со подготовката на своето професионално порфолио. Со своето долгогодишно искуство како образовен едукатор, реализира доста обуки за воспитувачите и наставниците, подржано од Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и Бирото за развој на образованието.
Во текот на годината беше дел и од обуки кои се организирани од други НВО на теми поврзани со предучилишното образование.

## *10. Подготовка и водење на документација за работа*

Секојдневната работа на педагогот беше планирана и секако евидентирана. Секојдневно водеше евиденција за своите работни ангажирања.

Покрај тоа водеше и редовна евиденција на новозапишаните деца во Главната книга како и по воспитни групи.
Започна и со внесување на деца во електронската евиденција на установата, распределбата по групи, како и водењето на главната книга на детската градинка

## 11.3. ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДЕФЕКТОЛОГ- ЛОГОПЕД ПЕРИОДОТ 2019/20 ГОД

Во текот на учебната 2020/2021 година,стручното лице во предучилишната установа Дефектолог - Логопед ја планираше и ја реализираше својата професионална активност врз основа на изготвениот План и Програма за работа за тековната година.

Конкретните активности беа насочени кон следните области на професионално делување:

1. **Следење на говорно – јазичниот развој кај децата и детекција на деца со говорно-јазични отстапувања**
2. **Следење на целокупниот психофизички развој кај децата и детекција на деца со потешкотии во развојот**
3. **Спроведување на Логопедски и Дефектолошки третман (Непосредна работа со децата)**
4. **Соработка со воспитно – образовниот тим во установата**
5. **Соработка со директорот, педагогот и психологот во установата**
6. **Соработка со родителите на децата опфатени со Логопедски и Дефектолошки третман**
7. **Водење на логопедска и дефектолошка документација**
8. **Соработка со стручни лица и стручни институции**
9. **Индивидуално стручно усовршување**

Поради постоење на светска пандемија со Covid-19, конкретните активности на логопедот во наведените области на работа се одвиваа делумно или во целост во текот на учебната година, во зависност од состојбата на пандемијата во одредени временски периоди.

Дефектолог-Логопедот во текот на целата учебна година беше постојано вклучен во занимална во големите воспитни групи каде ги извршуваше своите професионални и стручни активности.

### 1. Следење на говорно – јазичниот развој кај децата и детекција на деца со говорно-јазични отстапувања

Логопедот го следеше говорно – јазичниот развој кај децата.

Тој изврши испитување на состојбата на говорно-јазичниот развој т.е

изврши тестирање на говорот кај децата од големите воспитни групи

(5 – 6 години)со цел да ја утврди состојбата на говорно- јазичниот развој кај децата од овие групи и благовремено да ги открие и понатаму да ги корегира евентуалните говорни отстапувања.

При испитувањето на говорот кај децата од **големите воспитни групи** се користеа неколку тестови:

**- Тест за испитување на артикулација (изговор) на говор. гласови**

**- Тест за испитување на аудитивна дискриминација на говор. глас.**

**- Тест за испитување на речникот: конкретен и апстрактен**

**- Тест за испитување на реченицата**

**а/ Тест – реченица I (со дополнување)**

**б/ Тест – реченица II (со разграничување)**

**- Тест за испитување на способноста за опишување**

- **Тест за испитување на логички поврзан говор**

Заради постоење на пандемија и почитување на здравствените протоколи за заштита од ширење на инфекција и со насоки од МТСП, бројот на децата во воспитните групи беше ограничен на вкупно 15 деца.

**Со тестирање беа опфатени сите деца од големите воспитни групи** од двата Објекта на предучилишната установа во Неготино **Објект ,,Пролет** “ (две големи воспитни групи) и **Објект ,,Мајски Цвет “**

(две големи воспитни групи), вкупно **четири големи воспитни групи.**

Во текот на првото полугодие од учебната година, во месеците септември, октомври, ноември и декември, логопедот беше вклучен по еден месец во секоја од четирите големи воспитни групи, а во текот на второто полугодие беше вклучен по две недели наизменично во секоја од големите воспитни групи во двата Објекта на Установата.

Заради постоење на пандемија и почитување на здравствените протоколи за заштита од ширење на инфекција децата од големите воспитни групи од трите групи во други просторни услови во с.Пепелиште, с.Криволак и с.Тремник не беа опфатени со следење и тестирање на говорно- јазичниот развој.

**Во Објект,,Мајски Цвет,, во текот на месец септември, логопедот беше вклучен во занимална во едната голема воспитна група и го следеше говорно-јазичниот развој кај децата од групата.**

По извршеното тестирање на говорот кај децата од првата голема воспитна група **од 15 деца, кај 12 деца се откриени одредени говорни отстапувања** и тоа 8 деца со поголеми говорни отстапувања и 4 деца со помали говорни отстапувања. .

Во оваа група беа забележани две деца со отстапување и потешкотии во психомоторниот развој,потешкотии во говорно-јазичниот развој и во целокупната комуникација со непосредната околина.

**Во Објект,,Пролет,, во текот на месец октомври логопедот беше вклучен во занимална во едната голема воспитна група и го следеше говорно-јазичниот развој кај децата од групата.**

По извршеното тестирање на говорот кај децата од втората голема воспитна група **од 15 деца, кај 10 деца се откриени одредени говорни отстапувања** и тоа 6 деца со поголеми говорни отстапувања и 4 деца со помали говорни отстапувања. .

Во оваа група беа забележани две деца со отстапување и потешкотии во психомоторниот развој,потешкотии во говорно-јазичниот развој и во целокупната комуникација со непосредната околина.

**Во Објект,,Пролет,, во текот на месец ноември, логопедот беше вклучен во занимална во другата голема воспитна група и го следеше говорно-јазичниот развој кај децата од групата.**

По извршеното тестирање на говорот кај децата од третата голема воспитна група **од 15 деца, кај 13 деца се откриени одредени говорни отстапувања** и тоа 9 деца со поголеми говорни отстапувања и 4 деца со помали говорни отстапувања. .

Во оваа група беше забележано едно дете со отстапување и изразени потешкотии во целокупниот говорно-јазичниот развој.

**Во Објект,,Мајски Цвет,,во текот на месец декември логопедот беше вклучен во занимална во другата голема воспитна група и го следеше говорно-јазичниот развој кај децата од групата.**

По извршеното тестирање на говорот кај децата од четвртата голема воспитна група од **15 деца,** кај **12 деца се откриени одредени говорни отстапувања** и тоа 7 деца со поголеми говорни отстапувања и 5 деца со помали говорни отстапувања.

**Во Објект,,Мајски Цвет" од вкупно 30 тестирани деца од големите воспитни групи, кај 24 деца се забележани одредени помали или поголеми говорни отстапувања и истите имаа потреба од планирање и спроведување на логопедски третман, а во два случаја планирање и реализирање на логопедски и дефектолошки третман кај деца со отстапување и потешкотии во психомоторниот и говорниот развој и со потешкотии во целокупната комуникација со непосредната околина.**

**Во Објект,,Пролет" од вкупно 30 тестирани деца од големите воспитни групи, кај 23 деца се забележани одредени помали или поголеми говорни отстапувања и истите имаа потреба од планирање и спроведување на логопедски третман, а во два**

**случаја планирање и реализирање на логопедски и дефектолошки третман кај деца со отстапување и потешкотии во психомоторниот**

**и говорниот развој и со потешкотии во целокупната комуникација со непосредната околина.**

**При тестирањето на говорот кај децата од големите воспитни групи( 5 – 6 ) години во двата Објекта, вкупно беа тестирани 60 деца,од кои кај 47 деца се забележани одредени помали или поголеми говорни отстапувања и истите имаа потреба од планирање и реализирање на логопедски третман,а кај децата со отстапување и потешкотии во психомоторниот и говорниот развој, планирање и реализирање на логопедски и дефектолошки третман.**

## 2.Следење на целокупниот психофизички развој кај децата и детекција на деца со потешкотии во развојот

Дефектолог-Логопедот покрај следење на говорно - јазичниот развој,

го следеше и целокупниот психофизички развој кај децата.

При спроведеното индивидуално испитување(тестирање) на говорот кај сите дечиња од големите воспитни групи, кај оние дечиња кај кои беше забележано видно забавување и заостанување во говорно-јазичниот развој се пристапи кон комплетно испитување на другите аспекти од развојот: развој на моторика (крупна и ситна),когнитивен развој,социо-емоционален развој и на основа на добиените резултати се одреди степен или ниво на психомоторен развој на децата и детекција (откривање) на потешкотии во развојот.

Дефектолог-Логопедот, кај дечињата кај кои беа откриени одредени потешкотии во развојот, врз основа на индивидуаланата проценка изготви индивидуален стимулативен план за работа ( ИСП).

## 3.Спроведување на Логопедски и Дефектолошки третман

## (Непосредна работа со децата)

Врз основа на извршеното тестирање на говорот и добиените резултати кај децата од големите воспитни групи,беше **планиран и спроведен индивидуален логопедски третман** со запазување на сите мерки и протоколи за здравствена заштита на децата.

Логопедот пред спроведување на логопедскиот третман, изготви индивидуален логопедски план за работа(ИЛП) за секое дете опфатено со логопедски третман, во зависност од видот и степенот на говорното отстапување ,а за секое дете со отстапување и заостанување во психомоторниот развој изготви индивидуален стимулативен план за работа (ИСП)за интензивен психомоторен и говорен развој.

При извршеното тестирање на говорот и извршената анализа на добиените резултати, најзастапени говорни отстапувања кои беа забележани беа отстапувањата во правилниот изговор или артикулацијата на говорните гласови или **Дислалија.**

Постојат **три групи** на Дислалии:

**а) Омисија** (неизговарање); **б) Дисторзија** (неправилно изговарање)

**в) Супституција** (замена) на еден глас или повеќе гласови со други слични гласови.

**а)** Од **Омисиите** или неизговарање на еден глас или група гласови во говорот,најзастапено беше неизговарање или омисија на говорниот глас „ Р“ т.н. Ротацизам.

**б)** Од **Дисторзиите** или неправилно изговарање на еден глас или група гласови најзастапени беа:

- Сигматизам или неправилно изговарање на сите или на некои гласови од групата на фрикативни (с, з, ш, ж ) и африкативни гласови (ц, ѕ, ч ,џ).

Постојат два вида на сигматизам :

а)Интерденталeн сигматизам или меѓузабно поставување на јазикот при изговор на фрикативните и африкативните гласови.

б)Латерален сигматизам или странично излегување на воздушната струја при изговор на фрикативните и африкативните гласови.

- Ламбдацизам или неправилен изговор на говорниот глас „л" кој најчесто се изговара уснено (лабијално),

- Параротацизам или неправилен изговор на говорниот глас „р" (француско – ресично „р"), веларен(заден) изговор на гласот,,р" со задниот дел на јазикот, „р" со недоволен број на треперења на јазикот, лабијален (уснен) изговор на говорниот глас,, р ".

**в)** Од **Супституциите** или заменување на еден глас или група на гласови со други на нив слични гласови, најзастапено беше заменување на сличните гласови од групата на фрикативни (струјни) (с-ш, з-ж) и африкативни (преградно – струјни) гласови (ц- ч, ѕ -џ).

-Тетизам или замена на безвучните фрикативни гласови(с,ш) и безвучните африкативни гласови (ц, ч) со безвучниот плозивен глас,,т,, и замена на звучните фрикативни гласови(з,ж) и звучните африкативни гласови(ѕ, џ) со звучниот плозивен глас ,,д".

-Супституција (замена) на гласовите,,к",,г''со гласовите,,т" ,,д"

-Супституција (замена) на гласот,,р" со гласот ,,л".

Во неколку случаи беше забележано заостанување и дисхармонија во психофизичкиот развој,а како последица на тоа и забавен развој на говорот и јазичната структура.Кај овие деца постоеше: неправилен и нејасен изговор,неправилна граматика со нецелосни и неправилни реченици,сиромашен речник,потешкотии во говорната формулација и изразување и потешкотии во логички поврзаниот говор.

(**Развојна Дисфазија**).

Во неколку случаи беше забележано отстапување од правилниот ритам и темпо на говорот-Пелтечење-**(Балбутицио)** со потешкотии на почетокот на говорната експресија, со повторување на почетните гласови и слогови или со повторување (повремено) во текот на самиот говор.

**Во логопедскиот третман, во зависност од говорните отстапувања се користеа одредени логопедски вежби:**

**Вежби за правилна артикулација на говорните гласови:**

- Вежби за развој на аудитивната перцепција
- Вежби за развој на аудитивната дискриминација.
- Вежби за подобрување на функцијата на говорните органи
- Вежби за правилно поставување на говорните органи
- Вежби за правилно усмерување на воздушната струја
- Вежби за правилен изговор на говорните гласови

- Вежби за функционал. употреба на корегираните гласови во говорот

**Вежби за корекција на недостатоците на јазичниот развој:**

- Вежби за збогатување на речникот
- Вежби за употреба на правилна граматика
- Вежби за говорна формулација и изразување
- Вежби за развивање на способноста за логички поврзан говор
- Вежби за функционална примена на говорот во околината

**Вежби за правилен ритам и темпо на говорот:**

- Вежби за релаксација
- Вежби за правилно говорно дишење
- Вежби за координација (мисла - воздух – говор)
- Вежби за успорен, смирен и мелодичен говор
- Вежби за функционална употреба на успорен и мелодичен говор

**Вежби за развивање на способноста за комуникација:**

- Вежби за комуникација со возрасни
- Вежби за комуникација со деца

**Во дефектолошкиот третман, кај деца со заостанување и потешкотии во психофизичкиот и говорниот развој се користеа одредени вежби:**

**Вежби за моторна стимулација**

-Вежби за општа моторика
-Вежби за ситна моторика
-Вежби за координација
-Вежби за графомоторика

**Вежби за сензорна стимулација**

-Вежби за аудитивна стимулација
-Вежби за визуелна стимулација
-Вежби за психомоторна стимулација
-Вежби за сензорна интеграција

**Вежби за говорна стимулација**

-Вежби на говорните органи

-Вежби за провокација на говор

-Вежби за почетно проговорување

**Вежби за правилна артикулација**
-Правилен и чист изговор на говорните гласови
-Правилен и чист изговор на зборовите и речениците

**Вежби за формирање на правилна граматика**
-Формирање на граматичко-правилни реченици

**Вежби за збогатување на речник**
-Формирање на конкретни поими
-Формирање на апстрактни поими

**Вежби за говорна формулација и изразување**

-Поврзување на речениците во поголема логична говорна целина

**Стимулација на социјална интеракција со околината**
-Социјална интеракција со деца
-Социјална интеракција со возрасни

При непосредната работа со децата, логопедот ги почитуваше сите пропишани мерки и протоколи за здравствена заштита со носење на заштитна маска, носење на визер и користење на проѕирна преграда.

Во непосредната работа со децата логопедот користеше разновиден дидактички материјал: прирачници, сликовници,сложувалки, а користеше и визуелно помагало(огледало) за визуелна контрола на говорот,посебно кај децата кај кои не постои развиен орален говор.

Логопедот спроведуваше индивидуални логопедски вежби со децата од големите воспитни групи и со континуирана и постојана работа и третман, а и со постојана соработка со родителите е постигнато доста задоволително ниво на корекција на говорните отстапувања и формирање на правилни говорни навики кај децата.

Логопедот спроведуваше индивидуален стимулативен логопедски и дефектолошки третман со децата кои се згрижени во установата и кои имаат заостанување во психомоторниот и говорниот развој(деца со развојни потешкотии) и со постојана и континуирана работа и постојана соработка со нивните родители е постигнат значителен напредок во нивниот целокупен психофизички и говорен развој.

Покрај тоа, логопедот со постојан контакт со воспитувачите и згрижувачите на децата со потешкотии во развојот и со давање на одредени совети и сугестии, допринесе за успешна интеграција на овие дечиња во воспитните групи во кои припаѓаат.

## 4.Соработка со воспитно – образовниот тим во установата

Логопедот, по извршеното тестирање на говорот кај децата од големите воспитни групи, изготви ,,Извештај” за секоја тестирана воспитна група, со што ги запозна воспитувачите со состојбата на говорно – јазичниот развој кај децата од нивната група, за секое дете посебно, а кај децата кај кои беа откриени говорни отстапувања ги запозна со видот и степенот на говорните отстапувања и со можноста за нивна корекција и формирање на правилни говорни навики.

Логопедот со постојаното вклучување во занимална во големите воспитни групи, покрај планирање и реализирање на индивидуална работа со децата, заедно со воспитувачот во голем дел планираше и реализираше групни говорни активности со децата со опфаќање на сите аспекти на говорот:правилен изговор на говорните гласови, аудитивна дискриминација на говорните гласови, збогатување на речникот, користење на правилна граматика, изразен говор, правилна говорна формулација и изразување.

Логопедот постојано соработуваше со воспитувачите, даваше одредени стручни совети,предлози и сугестии за примена на истите во текот на планираните насочени активностите со цел развивање и подобрување на вербалните способности кај децата.

## 5.Соработка со директорот, педагогот и психологот во установата

Дефектолог-Логопедот имаше постојана соработка со директорот и педагогот во установата. По извршеното тестирање на говорот ги извести за бројната застапеност на децата со говорни отстапувања, со видот и степенот на говорните отстапувања и со можноста за нивна корекција со користење и примена на логопедски вежби т.е. спроведување на логопедски третман.Дефектолог-Логопедот ги извести и за бројната застапеност на децата со потешкотии и заостанување во психофизичкиот развој, неопходноста од спроведување на интензивна психомоторна стимулација и планирање на логопедски и дефектолошки третман кај овие деца.

Логопедот повремено ги известуваше за текот на логопедскиот третман кај децата со говорни отстапувања и за дефектолошкиот третман кај децата со потешкотии во психомоторниот развој и резултатите кои се постигнати од спроведување на тој третман.

Логопедот постојано соработуваше со психологот во установата посебно за дечињата со потешкотии во психомоторниот развој со размена на стручни мислења.Постојано соработуваше и остваруваше размена на стручни мислења и консултации за дечињата со поизразени потешкотии во правилниот ритам и темпо на говорот(Пелтечење), каде причината е најчесто од емоционална природа.

## 6.Соработка со родителите на децата опфатени со Логопедски и Дефектолошки третман

Дефектолог-Логопедот остваруваше постојана соработка со родителите посебно со родителите на децата кај кои беа забележани поголеми говорни отстапувања од правилниот говорно-јазичен развој и со родителите на децата кои имаа поголемо отстапување и заостанување во психофизичкиот развој(деца со потешкотии во развојот).

Во услови на пандемија, со почитување на протоколите за здравствена заштита и спречување на ширење на инфекција, соработката со родители се одвиваше индиректно, телефонски или електронски со користење на одредени социјални медиуми.

Логопедот им даваше на родителите на децата со говорни отстапувања одредени совети, инструкции и вежби кои тие ги спроведуваа во домашна средина со цел поттикнување, развивање и изградување на правилен говор и правилни говорни навики кај децата.

Дефектолог-Логопедот, за децата со потешкотии и заостанување во психофизичкиот развој остваруваше постојана соработка со нивните родители со давање на одредени насоки, совети и вежби за начините на квалитетна стимулација и поттикнување на развојот кај нивните деца и поттикнување на интерес и комуникација со непосредната околина.

Во Установата веќе две години функционира Советувалиште за родители и деца ”Виножито”, со цел давање на стручни совети и насоки на родителите од страна на стручните лица.

Дефектолог-Логопедот со формирање на Советувалиштето ја прошири соработката, покрај со родителите на децата опфатени со логопедски и дефектолошки третман со родителите од сите воспитни групи од двата Објекта,кои имаа потреба да добијат стручна помош за стимулација на забавен психомоторен развој, забавен говорно-јазичен развој,совети за стимулација и добивање на правилен изговор на говорните гласови, совети за надминување на отстапувања во ритамот и темпото на говорот и многу други совети од областа на логопедската и дефектолошката пракса.

Во рамките на програмските активности на Советувалиштето, Дефектолог-Логопедот заедно со Педагогот во Установата минатата учебна година заедно реализираа едукативни работилници за родителите од помалите воспитни групи со многу актуелна тема: “Влијанието на современата технологија врз развојот на децата”.

Во текот на оваа учебна година планираа работилницата да ја реализираат со родителите од сите останати воспитни групи, но поради актуелната ситуација и постојаното ширење на пандемијата истата не беше во можност да биде реализирана.

## 7.Водење на логопедска и дефектолошка документација

- Дефектолог-Логопедот на почетокот на учебната година изготви
  ,,План и Програма за работа за учебната 2020/2021година “
- Поседува евиденција и изготви,,Општ Извештај од извршеното тестирање на говорно-јазичниот развој кај децата од големите воспитни групи ” во двата Објекта на Установата
- Изготви и поседува,,Ивештај за состојбата на говорно-јазичниот развој кај децата ” од секоја тестирана голема воспитна група
- Поседува евиденција на деца со потешкотии во развојот

- Водеше и поседува Работен Дневник со секојдневно реализирани активности во текот на целата учебна година
- Поседува ,, Досие,, за секое дете опфатено со логопедски третман и секое дете опфатено со логопедски и дефектолошки третман
- Изготви,,Извештај за постигнатите резултати од спроведениот логопедски или дефектолошки третман кај децата ” од секоја голема воспитна група
- Изготви,,Годишен Извештај за работа на Дефектолог- Логопед за учебната 2020/2021 година.”

## 8.Соработка со стручни лица и стручни институции

Дефектолог-Логопедот соработува со стручни лица и институции.

Кај одредени деца кај кои при испитувањето беа забележани и откриени одредени органски или функционални отстапувања беа упатувани кај соодветни стручни лица: педијатар, стоматолог, ортодонт, оториноларинголог, аудиолог, детски невропсихијатар.

Кај дечињата кај кои беше забележано поголемо отстапување во говорно-јазичниот развој или отстапување и заостанување во психофизичкиот развој беа упатувани кај соодветни стручни институции.

Постои долгогодишна соработка на логопедот со „Институтот за рехабилитација на слух , говор и глас “ од Скопје.

Постои долгогодишна соработка на дефектолог-логопедот со ,,Завод за ментално здравје” од Скопје.

Дефектолог-логопедот остваруваше постојана комуникација и соработка со своите колеги-логопеди и дефектолози низ републиката со цел размена на стручни ставови, мислења и искуства.

## 9.Индивидуално стручно усовршување

Дефектолог-Логопедот постојано стручно се усовршува со присуство на стручни семинари, обуки, работилници, предавања и со следење и користење на стручни списанија и на нова стручна литература.

Поради присутната пандемија и почитување на сите пропишани протоколи за здравствена заштита и спречување на натамошно ширење на инфекцијата со Covid-19, сите обуки, семинари и работилници во текот на целата учебна година беа реализирани електронски со организирање на zoom средби.

Во рамките на проектот „Социјална кохезија и културен дијалог“ дефектолог-логопедот присуствуваше на серија обуки( 4 - zoom средби)) организирани за стручни работници во предучилишните установи на тема:,,Колегијална поддршка,, кои беа одржани во временски период од крајот на месец ноември до средината на месец декември.

Во почетокот на месец декември присуствуваше на работилница на тема : „ Деца со аутизам и Covid-19 “(zoom-средба).

Кон средината на месец декември дефектолог-логопедот присуствуваше на Логопедска on-line конференција на тема:“Говорно-јазичните отстапувања на децата од предучилишна возраст“.

Во средината на месец декември присуствуваше на zoom-средба на тема :“Претставување на платформа за онлајн сервисни услуги“.

Кон крајот на месец декември присуствуваше на онлајн вебинар на тема: „ Развојни нарушувања и третман“.

Кон крајот на месец јануари присуствуваше на онлајн вебинар: „Примене музике и покрета у раду са децом са развојним потешкоќама“.

Кон крајот на месец јануари дефектолог-логопедот присуствуваше на работилница на тема: „ Вовед во менторство “ -(прв дел).

Во почетокот на месец март, логопедот присуствуваше на Четврта Конференција на Логопеди организирана по повод 6-ти Март Европскиот ден на логопедијата на тема: „Телепрактиката и дигиталните технологии“.

Кон средината на месец мај присуствуваше на вториот дел на работилницата на тема ” Менторство ”.

Кон крајот на месец јуни, дефектолог-логопедот присуствуваше на работилница на тема: “Кариерен развој на стручните профили во детските градинки“.

Во средината на месец јули присуствуваше на работилница на тема: “Мапирање на постојниот и препораки за идниот модел на (ре)лиценцирање“.

Дефектолог-Логопедот е член на Здружението на логопеди на Република Северна Македонија - „Лого Лексис“

Дефектолог-Логопедот е член и на „Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија“.

Како член на овие стручни здруженија, постојано и континуирано ги следи сите активности и стручни настани кои тие ги организираат.

Дефектолог-Логопедот постојано следи нови и современи стручни наслови и научни сознанија од областа на логопедијата и специјалната едукација и рехабилитација со користење на електронски медиум и интернет.

## 11.4 ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА ПСИХОЛОГОТ ЗА ПЕРИОДОТ 2020/2021ГОД

Својата работа психологот на ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “, ја планираше во својата годишната програма за работа. Содржините од истата беа реализирани во текот на учебната 2020 / 2021 година со одредени измени и дополнувања кои ќе бидат дел од овој извештај.

Во текот на своето работење месечно изготвуваше свој план за работа, поаѓајќи од тезите кои ги имаше зацртано во годишната програма за работа, како и од потребите кои се наметнуваа во текот на работењето.

Следејќи ги тезите по кои ја планираше својата работа, извештајот ќе тече по тој редослед.

**1. Учество во планирањето и програмирањето на воспитно-образовната работа**

На почетокот на учебната година беше изготвена годишна програма за работа на психологот по која во текот на годината се планираа активностите.

Покрај планирањето и реализирањето на својата работа, психологот континуиранио и директно беше вклучена во планирањето и програмирањето на воспитно-образовната работа во сите воспитни групи на установата, со посебен акцент на социо-емоционалниот развој на децата

Даваше свој придонес во изготвувањето на годишните програми за работа на останатите стручни тела на детската градинка како и во планирањето на разните форми и начини за соработка со семејствата.

**2. Следење на реализацијата на планот и програмата на воспитно-образовниот и згрижувачкиот кадар**

Психологот спонтано ја следеша, насочуваше, усовршување и продлабочуваше работата на воспитувачите и згрижувачите , а по потреба даваше одредени сугестии со цел подобрување на воспитно-образовната работа по воспитните групи.

Следењето на децата, посебно нивните индивидуални потреби беа дел од активностите кои психологот ги правеше додека присуствуваше по воспитно-образовните групи.

Соработката со семејството, како една од најприсутните форми на работа, исто така беа дел од следењето кои психологот ги спроведуваше во текот на своето работење.

Ја следеше одмереноста и прилагоденоста на програмските содржини со можностите на децата од конкретната возраст во однос на интелектуалниот и социо-емоционалниот развој на децата.

**3. Вршење на педагошко-инструктивна работа и соработка со воспитниот тим**

Инструктивната работа беше една од клучните концепти која психологот на детската работа ги применуваше во својата работа, со цел унапредување на работата на сите вработени во градинката. Најчесто тоа го правеше со воспитувачите на детската градинка, почитувајќи ги и инволвирајќи ги најновите сознанија од  од областа на психологијата. Ги следеше најновите психолошки сознанија од областа на предучилишното воспитание и образование.

Континуирано водеше инструктивна работа  и даваше стручна помош следејќи го своето искуство во однос на градење на здрави детски колективи и формирање на позитивни особини кај децата. Работеше со одредена група на воспитувачи кои го бараа самите.

**4.  Следење на развојот на децата и непосредна работа**

Во текот на целата учебна година непосредната работа со деца беше постојана и континуирана работа на предучилишниот психолог. Го следеше нивниот развој, почнувајќи од уписот и адаптациониот период на новозапишаните деца, и секако во текот на целиот нивни престој. Ги следеше нивните развојни потенцијали опфаќајќи ги сите аспекти од развојот на личноста на едно дете. Го следеше социоемоционалниот развој на децата по воспитни групи,како и психомоторниот развој на децата од јаслена возраст и одделни деца од другите воспитни групи кои имаа тешкотии во нивниот психомоторен

развој. Ги дијагностицираше децата со посебни образовни пречки како и надарените деца. Подготви психолошки работилници и ја реализира со големите воспитни групи на тема „ Мојот цртеж мојата вистина “ со цел откривање на емоционалната состојба кај децата. Останатите планирани работилници не успеа да ги реализира поради прекинот на работата на детската градинка.
Заедно со педагогот на детската градинка започна со тестирање на децата за испитување на предзнаењата за поаѓање во прво одделение. Истото не се реализира до крај и не се соопштија резултатите на родителите поради прекинот со работа на детската градинка поради пандемијата со Ковид 19.

**5. Соработка со семејствата и советодавна работа со родителите на децата**

Поаѓајќи од фактот дека родителите се првите воспитувачи на своите деца и дека соработката со семејствата е доста значајна за правилен развој на личноста на секое дете, психологот на установата обрнуваше посебно внимание на ова поле.
Постојано ги поттикнуваше семејствата да бидат рамноправни партнери во воспитно-образовниот процес на нивните деца.
Вршеше инструктивна и советодавна работа со нив, водеше консултативни разговори, почнувајќи од самиот упис на своето дете во детската градинка, се во контекст на развојот на нивното дете и даваше стручна помош доколку е потребна. Учествуваше во планирањето на родителските средби и по потреба во нивното реализирање.
На почетокот на учебната година беше присутна на дел од родителски средби, придонесувајќи со своето присуство.
Советувалиштето како посебно тело на делување на стручната служба, послужи психологот да биде присутна на многу индивидуални и групни средби со родителите се со цел помагање на семејстата за разрешување на одредени проблеми.

**6. Стручно усовршување на воспитно-образовниот и згрижувачкиот кадар на детската градинка и надвор од неа**

Следењето и читањето на стручната публикација овозможи и оваа година психологот да ја збогати својата стручност како предучилишен психолог, кој постојано се залага за својата сопствена едукација.
Во текот на учебната 2020/2021 година присуствуваше на една едукација организирана од ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “ :

- „Соработка на установата за деца со родителите и локалната заедница “ организирана и реализирана од проф Константин Петковски и Фанче Јошевска
- Во средината на месец мај, психологот беше вклучен во интерна обука за ,,Социјална кохезија и културен дијалог“ за колегијална поддршка. Поради актуелната ситуација беше реализирана во помали работни групи, најпрво со on-line средби, а потоа и средби во градинката во помали групи и со максимална примена на сите пропишани мерки за здравствена заштита на вработените

**7. Соработка со општествената средина и стручните институции**

Како дел од соработката со општествената средина, беше и планирањето и реализирањето на јавната и културната дејност, која во целост се реализира.
Тековната учебна година посебно се залагаше за успешно реализирање на активностите и посетите кои децата ги планираа и реализираа надвор од градинката.
Учествуваше во сите организирани посети, прослави, изложби и приредби. Прошетките и посетите беа добар начин детската градинка да ја покаже својата работа надвор од просториите каде се работи.

## 11.6 ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА СОВЕТОТ НА ВОСПИТУВАЧИ ЗА ПЕРИОД 2020/2021 ГОД

Во согласност со изготвениот План и Пргрампа за работа на Советот на воспитувачи за учебната 2020/2021 година, Советот на воспитувачи планираше активности ,кои се реализираа во рамките на детска градинка .
Начинот на работа на ,,Совет на воспитувачи ова година го реализираше со одржување на ЗООМ состаноците и состаноци одржани во дворот на детската градинка, со почитување на протоколите за работа, доколку овозможува временските прилики,поради пандемијата со ковид 19.
Советот на воспитувачи според програмата за работа ги реализираше следниве активности :

- После поднесениот извештај за своето работење од претходната учебна година, беше презентирана и прифатена Програмата за работа на Советот на воспитувачи за учебната 2020/2021 година.На истиот состанок беше утврден бројот на деца по воспитни групи, формирани вопитните групи по клонови , како и персоналот кој ќе ја извршува воспитно-образовната и згрижувачка работа во истите. На истиот состанок беше договорено сите годишни програми извештаи на работа на сите тела ,да се достават најкасно до 10.09.2020 год.

- Советот на воспитувачи одреди цена на метеријали потребни за работа со деца и донесе одлука за соработка со Просветно Дело и списането Росица

- Иато така беа планирани и реализирани активности на ниво на детска градинка по повод одбележувањето на неделата на детето , како и активности за одбележување на патрониот празник на нашата градинка. Истите се реализираа на ниво објекти и воспитни групи.

- Советот на воспитувачи во оваа воспитно –образовна година , донесе одлука групните и индивидуални средби со родители да ги остварува секој воспитувач по сопствен избор со уптреба на на некоја од ИКТ техника.

- Воспитувачите беа согласни дека оваа година има поле за реализирање на проектните активности, освен измена и надополнување настана околу реализацијата на проектот,,Градот низ детските очи,, беше договорено посетите на иснтитуците да ги замениме со презентации на истите .

- Воспитувачите на состаноците споделуваа теми кои ги работат во своите групи , како и креативни, едукативни дневни активности.

- За дочекот на Дедо Мраз во нашата градинка беше донесена одлука тоа да го направиме со видео порака на Дедо Мраз , кој ќе им се обрати на сите деца во своите занимални.

- Во м.Април воспитувачите од големите групи се договорија за реализирање на зврשни приредби кои ќе ги реализираат во своите занимални, снимени со видео камера и истите снимки да се објават во групите што ги имаат воспитувачите за соработка со родители.

**11.7 Извештај од работата на советувалиштето за деца и родители за период од 2020/2021 година**

Во рамките на,,Советувалиштето за родители и деца“-Виножито стручното лице Дефектолог-Логопед, во текот на целата учебна година даваше стручна помош на родителите од обласtа на неговата стручна и професионална дејност.

Заради постоење на пандемија со Covid-19 и почитување на здравствените протоколи за заштита од ширење на инфекција, Дефектолог-Логопедот во текот на целата учебна година беше постојано вклучен во занимална само во големите воспитни групи во двата Објекта во Неготино :,,Пролет ,, и ,,Мајски Цвет,,додека децата од големите воспитни групи од групите во други просторни услови во с.Криволак, с.Пепелиште и с.Тремник не беа опфатени.

Активностите на Дефектолог-Логопедот, во рамките на Советувалиштето, во текот на целата учебна година беа насочени кон одредени планирани области на професионално делување и одредени форми на работа.

Поради постоење на светска пандемија со вирусот Covid-19 и почитување на здравствените протоколи за заштита од ширење на инфекција, планираните активности на логопедот во одредени области на работа се одвиваа делумно или воопшто не беа во можност да се реализираат во текот на учебната година.

## Област на професионално делување и форми на работа

**1.Следење на говорно-јазичниот развој кај децата на одредена возраст**

Логопедот го следеше говорно-јазичниот развој кај децата од големите воспитни групи во двата Објекта на Установата,систематски со тестирање на говорно-јазичниот развој на секое дете посебно.Врз основа на извршеното тестирање, логопедот доби сознанија за состојбата и нивото на говорно-јазичниот развој на секое дете од овие групи

и сознанија за бројот на деца со говорни отстапувања, како и со видот и степенот на откриените говорните отстапувања.

**2.Следење на целокупниот психофизички развој кај децата**

Дефектолог-Логопедот покрај следење на говорно-јазичниот развој,го следеше и целокупниот психофизички развој кај децата.

При спроведеното индивидуално испитување(тестирање) на говорот кај децата од големите воспитни групи, кај оние дечиња кај кои беше забележано видно забавување и заостанување во говорно-јазичниот развој се пристапи кон комплетно испитување на другите аспекти од развојот: моторика (крупна и ситна), когнитивен развој, социо-емоционален развој.

Врз основа на добиените резултати од испитувањето се одреди степен или ниво на психомоторен развој на децата и детекција (откривање) на потешкотии во одредени аспекти од развојот.

По извршеното следење на говорно-јазичниот и целокупниот психофизички развој кај децата од големите воспитни групи и утврдување на состојбата и нивото на нивниот говорно-јазичен и психофизичкиот развој,кај сите деца од големите воспитни групи кај кои беа забележани и утврдени потешкотии и отстапувања, континуирано во текот на учебната година беше планиран и реализиран индивидуален логопедски или дефектолошки третман.

Во текот на третманот, Дефектолог-Логопедот имаше постојана соработка и средби со родителите на децата опфатени со логопедски или дефектолошки третман со давање на постојани совети и конкретни инструкции со цел подобрување или целосно отстранување на присутните потешкотии кај децата.

**3.Соработка со родители**

Во текот на целата учебна година,Дефектолог-Логопедот оствaруваше постојана соработка со родителите на децата од големите воспитни групи.

Во услови на пандемија, со почитување на протоколите за здравствена заштита и спречување на ширење на инфекција, комуникацијата со родителите не беше во можност да се оствари со дирекни средби и постојано се одвиваше индиректно, телефонски или електронски со користење на одредени социјални медиуми.

-Соработка со родители на деца со потешкотии во психофизичкиот развој
-Соработка со родители на деца со забавен говорно-јазичен развој
-Соработка со родители на деца со одредени говорни отстапувања :отстапувања во правилниот изговор на говорните гласови, потешкотии во употреба на правилна граматика, отстапување во правилниот ритам и темпо на говорот и отстапувања во сите други аспекти на говорот.

Логопедот им даваше на родителите на децата со говорни отстапувања одредени совети, инструкции и вежби кои тие ги спроведуваа во домашна средина со цел

поттикнување, развивање и изградување на правилен говор и правилни говорни навики кај децата.

Дефектолог-Логопедот, за децата со потешкотии и заостанување во психофизичкиот развој остваруваше постојана соработка со нивните родители со давање на одредени насоки, совети и вежби за начините на квалитетна стимулација и поттикнување на развојот кај нивните деца и поттикнување на интерес и комуникација со непосредната околина.

**4.Соработка со другите стручни лица во установата (педагог и психолог)**

Дефектолог-Логопедот постојано, во текот на целата учебна година сорабо-туваше со останатите стручни лица во установата (педагог и психолог). Соработката посебно беше изразена кај децата со потешкотии и отстапување во психофизичкиот равој.Секое стручно лице од свој аспект вршеше опсервација и следење на целокупниот развој кај овие дечиња. На стручните средби кои ги реализираа повремено, стручните лице ги изнесуваа своите стручни ставови и мислења за конкретниот случај со насоки за понатамошно делување.

**5.Соработка со воспитниот тим во установата**

Дефектолог-Логопедот имаше постојана соработка со воспитувачите на воспитните групи кои имаа деца со потешкотии во развојот или деца со забавен говорно-јазичен развој.Стручното лице се вклучуваше во занимална само во големите воспитни групи за опсервација и следење на децата со потешкотии во развојот и постојано разговараше и даваше конкретни сугестии и совети на воспитувачите за работа со овие деца. Стручното лице постојано соработуваше и даваше стручни совети и насоки за децата кои имаа забавен говорно-јазичен развој. Воспитувачите и стручното лице повремено разговараа за темпото и текот на напредокот на децата со потешкотии во развојот, децата со забавен говорен развој и децата со одредени помали или поголеми говорни отстапувања.

**6.Учество на родителски средби во воспитни групи**

Поради светската пандемија со вирусот Covid-19, со почитување на здравствените протоколи за заштита од ширење на инфекција и постоење на забрана за масовни собири, планираното присуство на родителски средби во воспитните групи на почетокот на учебната година не беше во можност да биде реализирана.

**7.Реализирање на едукативна работилница со родители**

Едукативната работилница за родители на тема: “Влијанието на современата технологија врз развојот на децата”, која минатата година беше реализирана заедно со педагогот со родителите на децата од помалите воспитни групи, поради актуелната ситуација не беше во можно да биде реализирана како што беше планирано со родителите на децата од сите останати воспитни групи.

**11.8.ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА СОВЕТОТ НА НЕГОВАТЕЛКИ ЗА ПЕРИОД**

## 2020 /2021 ГОДИНА

Советот на негователки во текот на воспитно – образовната година успешно ја реализира својата Годишна програма за работа.
Секогаш реализацијата на активностите соодвествуваа со текот на реализација на активностите на Совет на воспитувачи. Онаму каде имаше потреба беа и дел од актуелните случувања во детската градинка.
**Септември / октомври** – водеа сметка за полесна адаптација на децата, се вклучија во активностите по повод детската недела
**( реализација на програмата по протокол , водење на табели за тт на децата ,дезинфекција во занималните и слично**
**Ноември / декември** – Континуирано беа вклучени во имплементацијата на проектните активности кои се работеа со децата, во тековните планирани и реализиранио содржини од јавната и културната дејност за овој период, како и во подготовката на новогодишното планирање.
**( реализација на програмата по протокол , водење на табели за тт на децата ,дезинфекција во занималните и слично**

**Јануари / февруари** – Се вклучија во тековните активности на детската градинка
**( реализација на програмата по протокол , водење на табели за тт на децата ,дезинфекција во занималните и слично**

**Март/април-** се вклучија во активности секоја во својата група и работа по протокол
**( реализација на програмата по протокол , водење на табели за тт на децата ,дезинфекција во занималните и слично**
**Мај,јуни , јули, август**
**( реализација на програмата по протокол , водење на табели за тт на децата ,дезинфекција во занималните и слично**
Во текот на целата Воспитно – образовна година се грижеа за здравјето на децата , да нема вкрстување на групи , хигиената во занималните , дезинфекција на играчки , секојдневна дезинфекција на просторот со УВ ламби .

## 11.9. ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ ЗА ПЕРИОД 2020/2021 ГОДИНА

Како стручен орган во установата Советот на родители работи согласно одредбите на Закон за заштита на децата и согласно Статутот на ЈУОДГ,,Фемо Кулаков,,Неготино.
Во текот на вопитно образовната година Советот на родители имаше голем удел во помагање и реализирање на поголем број на активности во установата, преку одржување на состаноци.
После поднесениот извештај за своето работење од претходната учебна година, беше презентирана и прифатена Програмата за работа на Советот на родители , за учебната 2020/2021 година
Поради пандемијата со Covid – 19 , оваа воспитно образовна година , советот на

родители одржа помалку состаноци ,од кои само еден ВО ЖИВО ,
на почетокот на Воспитно образовната година во месец Септември беше одржан состанок во дворот на градинката со представници по еден родител од двата објекти во градот и претставници од групите од други просторни усови .
После поднесениот извештај за своето работење од претходната учебна година, беше презентирана и прифатена Програмата за работа на Советот на родители , за учебната 2020/2021 година , работата по протоколи за сите тела на градинката , за протоколот за родители . Беа запознати и информирани за сите одлуки од Советот на воспитувачи , за тековните активности , програми за работа по групи , списанија , материјали и се донесе одлука за колективно осигурување на децата за учебната 2020/21 година.
Сите други активности , состаноци се одржуваа во работа во групи – online , во соработка со воспитувачите –online.
Другите состаноци ,официјални и неофицијални се вршеа електронски .

ФИНАНСОВА И ТЕКОВНА ПОЛИТИКА НА УСТАНОВАТА ЗА 2020 ГОДИНА
ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ ЗА 2020

Финансиско и материјалното книговодство е водено согласно Законот за сметководство за буџетите и корисниците на буџетските средства како и сите закони и правилници кои ја регулираат материјата од сметководствено и финансово работење. Се применува и законот за извршување на буџетите, Општиот колективен договор како и другите прописи од дејноста.
Финансиското работење се врши преку две жиро сметки:

7480102488 903 16 за средствата од наменската и блок дотација од ЛС
7480102488 787 11 за средства кои се наплаќаат од граѓани по основ партиципација за престој на деца и други средства ( самофинансирачки активности )

Финансовото работење во тековната година го реализиравме во согласнот со Финсовиот план за 2020 за сопствени приходи и Финасовиот план за средства од наменската блок дотација.
Плаќањето на услугите родителите го вршат преку уплатница директно на жиро сметката на сопствени средства каде се формираат приходите а по претходно задолжување на истите на конто 122 / 298.
Плаќањето спрема добабувачите за испорачани прехрамбени производи и други материјали и услуги се врши вирмански преку жиро сметка по доставена фактура и задолжена приемница за примените производи.
Плаќањето со готови пари е минимално со исклучок за набавка на материјали и услуги во минимални количини и други ситни трошоци за кои не се издава фактура ( паратина и сл ).
Набавката на прехрамбени производи кои се најголема ставка во расходите во 2020 година, се врши со набавка од добавувач добиена на јавен тендер. Во набавката на прехрамбените производи се влезени количините набавени за потребите на децата во градинката, на Народната кујна која функционира во текот на целата 2020 година
Буџетски средства обезбедуваме по претходно одобрен Финасов план од Советот на Општина Неготино усогласен со буџетот .

Платите и надоместоците ги одобрува Локалната самоуправа и Министерството за труд и социјална политика по предходно доставена пресметка.

Од Буџетот со блок дотации во 2020 година се обезбедија средства за :
Бруто плата во целосен износ за вработените на неопределено и определено работно време.
-Гориво за затоплување на објектите ( екстра лесно )
- Договорни услуги за непречено одвивање на работата во градинката
-Трансфер при пензионирање,
Во текот на 2020 просечно ангажирани 3 лица волонтери и 2 лица договор на дело 3 лица преку агенција за вработуивање
Од родителите преку партиципација обезбедивме средства за :
- Целосно покривање на трошоците за исхрана на децата
- Комуналните услуги ( струја, вода, телефон )
- Гориво, регистрација и одржување на возилата.
-Средства и материјали за одржување на хигиената во објектите и нивна дезинфекција дезинсекција и дератизација.
- Тековно одржување на објектите и опремата и други трошоци.
-купување на опрема
-санитарен преглед

ФИНАНСОВА И ТЕКОВНА ПОЛИТИКА НА УСТАНОВАТА ЗА 2020 ГОДИНА
ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ ЗА 2020

ПРЕГЛЕД НА ПРИХОДИТЕ И РАХОДИТЕ ЗА 2020 Г
ЈУОДГ„Фемо Кулаков „ Неготино

| Конто | Опис | | 2019 |
|---|---|---|---|
| | **приходи** | | |
| **723111** | Приходи од граѓани | | **4,439,607,00** |
| **723116** | Приходи од МТСП Народна кујна | | **2,216,550,00** |
| **741118** | Приходи од општина блок дотација | | **26,402,551,00** |
| **741114** | Пренесен дел на вишок приход од претходна година | | **2,628,357,00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Вкупно приходи :** | | **35,687,065,00** |
| | **Расходи** | | |
| 401130 | Нето плата | | 16,972,794,00 |
| 401310 | Персонален данок од плата | | 1,182,096,00 |
| 402110 | Придонеси од плата за ПИО | | 4,728,736,00 |
| 402210 | Придонеси од плата за здравство | | 1,887,773,00 |
| 402310 | Придонеси од плата за вработување | | 302,389,00 |
| 402220 | Придонес за задолжително здравствено осигурување | | 125,996,00 |
| 420120 | Трошоци за сл. патувања | | 4,680,00 |
| 420110 | Патување во земјата сместување | | |
| 420230 | Патување во странство сместување | | 22,000,00 |
| | | | |
| 421110 | Електрична енергија | | 315,334,00 |
| 421120 | Вода.губрарина | | 327,263,00 |
| 421310 | Поштенски услуги | | 10,601,00 |
| 421320 | Телефонски услуги | | 61,175,00 |
| 421390 | Интернет услуги | | 12,990,00 |
| 421410 | Гориво за возила | | 70,000,00 |
| 421420 | Регистрација на патнички возила | | 18,577,00 |
| | | | |
| 421240 | Гориво за затоплување | | 1,537,120,00 |
| 423110 | Канцелариски материјали | | 30,308,00 |
| 423120 | Списанија и стручна литература | | 42,178,00 |
| 423190 | Други административни материјали | | 17,115,00 |
| | | | |
| | | | |
| 423410 | Прехрамбени производи | | 2,454,450,00 |
| 423610 | Наставно образовни помагала дидактика | | 258,038,00 |
| 423710 | Средства за хигиена | | 208,532,00 |
| 423810 | Набавен инвентар и опрема | | 116,129,00 |
| 423990 | Други материјали | | 33,504,00 |
| 423910 | Други материјали за посбни намени | | 2,313,00 |
| 424110 | Поправка и одржување на возила | | 24,980,00 |
| 424210 | Тековно одржување на зградите | | 1,052,112,00 |
| 424220 | Сервисирање на ПП апарати и услуга за обезбедување на објекти | | 42,338,00 |
| | | | |
| 424230 | Дезинфекција дезинсекција и дератизација | | 35,000,00 |
| | | | |
| 424420 | Одржување на компјутерски сифтвер | | 47,814,00 |
| | | | |
| 424440 | Сервисирање на друга опрема | | 210,674,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 425130 | Трошоци за изнајмување на кино сала | | |
| | | | |
| 425310 | Правни и судски трошоци | | 4,550,00 |
| 425360 | Судски такси | | 7,160,00 |
| 425290 | Трошоци за други финансиски услуги | | 4,200,00 |
| 425250 | Осигурување на недвизности | | 28,923,00 |
| 425490 | Систематски и санитарни прегледи на вработените | | 120,550,00 |
| | | | |
| 425991 | Надомест за волонтери | | 57,447,00 |
| 425990 | Надоместок за услуги по договор на дело | | 322,846,00 |
| 425993 | Трошоци zа членови на управен одбор | | 2,780,00 |
| 464940 | Трансфер при пензионирање | | 212,072,00 |
| 425992 | ТТрошоци за камати од плати | | 1,883,00 |
| | | | |
| 426210 | Трошоци за репрезентација | | 400,00 |
| 426310 | Трошоци за семинари и обуки | | 37,668,00 |
| 426410 | Трошоци за огласи и кокурси | | 76,058,00 |
| 426990 | Други оперативни трошоци | | 8,345,00 |
| | | | |
| 483190 | Купување на опрема мебел | | 699,612,00 |
| 427110 | Привремени вработувања | | 762,507,00 |
| | | | |
| | | | |
| | **Вкупно расходи** | | **34,502,010,00** |
| | Разлика меѓу приходите и расходите ,која се пренесува во наредната година | | 1,185,055,00 |
| | ВКУПНО за пренос во наредна година | | 1,185,055,00 |
| | Просечен број на деца со целодневен престој | | 420 |
| | Просечен број на деца со полудневен престој | | |
| | Просечен број на вработени | | |
| | Број на вработени на крајот на годината | | 68 |
| | Број на ангажирани работници договор на дело на крајот на годината, | | 2 |
| | Број на ангажирани работници волнтери на крајот на годината, | | 3 |
| | Број на ангажирани работници преку агенција за вработување на крајот на годината, | | 3 |
| | | | |

**ЈУОДГ"Фемо КУЛАКОВ"-Неготино** **Директор:**

**Јана Коцева**

